РЕПЛЕК АД Скопје

Консолидирани финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 и Извештај на независните ревизори

Скопје, февруари 2026 година

СОДРЖИНА:

	Страна
Извештај на независните ревизори	1 - 4
Консолидирани финансиски извештаи	
Консолидиран извештај за сеопфатната добивка	5
Консолидиран извештај за финансиската состојба	6
Консолидиран извештај за паричните текови	7
Консолидиран извештај за промените во главнината	8
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи	9 - 45
Прилог 1 – Консолидиран годишен извештај	
Прилог 2 – Консолидирана годишна сметка	

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.forvismazars.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До акционерите и раководството на РЕПЛЕК АД Скопје

Извештај за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи

Мислење

Ние извршивме ревизија на консолидираните финансиски извештаи на РЕПЛЕК АД Скопје и неговите подружници („Групацијата“), кои се состојат од консолидираниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година и консолидираниот извештај за сеопфатната добивка, консолидираниот извештај за промените во главнината и консолидираниот извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и белешките кон консолидираните финансиски извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните консолидирани финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти консолидираната финансиската состојба на Групацијата на 31 декември 2025 година, како и нејзините консолидирани резултати од работењето и консолидирани парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија.

Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („МСР“). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Групацијата во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) („Кодексот на ОМСЕС“) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на консолидираните финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС што е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

Клучни ревизорски прашања

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионално расудување, беа од најголема значајност во нашата ревизија на консолидираните финансиски извештаи за тековниот период. Ние утврдивме дека не постојат клучни ревизорски прашања за кои треба да се комуницира во нашиот извештај.

(продолжува)

Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од консолидираниот годишен извештај за работата и консолидираната годишна сметка подготвени од страна на раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но тие не ги вклучуваат консолидираните финансиски извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за консолидираните финансиски извештаи не се однесува на другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на консолидираните финансиски извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со консолидираните финансиски извештаи или нашето разбирање, стекнато во ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Доколку, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме што да известиме во однос на ова прашање.

Одговорност на раководството и на оние кои се задолжени за управувањето за консолидираните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија, како и за интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвувањето на консолидираните финансиски извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на консолидираните финансиски извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Групацијата да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет, како и, кога е применливо, да ги обелодени прашањата поврзани со континуитетот и да ја примени сметководствената основа на континуитет, освен во случаи кога раководството има намера да ја ликвидира Групацијата или да го прекине нејзиното работење, или кога не постои друга реална алтернатива освен тоа. Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Групацијата.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали *е* резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие консолидирани финансиски извештаи.

(продолжува)

Како дел од ревизијата спроведена во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и собираме ревизорски докази кои се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од измама е повисок од ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од грешка, бидејќи измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажно прикажување или заобиколување на интерните контроли.
- Стекнуваме разбирање за интерните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите.
- Ја оценуваме соодветноста на применетите сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања подготвени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и, врз основа на собраните ревизорски докази, дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои може да предизвикаат значителен сомнеж во способноста на Групацијата да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, должни сме во нашиот ревизорски извештај да обрнеме внимание на поврзаните обелоденувања во консолидираните финансиски извештаи или, доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засноваат на ревизорските докази собрани до датумот на нашиот ревизорски извештај. Меѓутоа, идни настани или услови може да доведат до тоа Групацијата да престане да работи согласно претпоставката за континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на консолидираните финансиски извештаи, вклучително и обелоденувањата, како и дали консолидираните финансиски извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин со кој се постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата, како и за значајните наоди од ревизијата, вклучително и за евентуалните значајни недостатоци на интерната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, им обезбедуваме изјава на оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат врз нашата независност, како и, онаму каде што е применливо, за преземените активности за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Од прашањата за кои сме комуницирале со оние кои се задолжени за управувањето, утврдуваме кои прашања биле од најголемо значење во ревизијата на консолидираните финансиски извештаи за тековниот период и, согласно тоа, ги сметаме за клучни ревизорски прашања. Овие прашања ги опишуваме во нашиот ревизорски извештај, освен доколку законот или регулативата забрануваат нивна јавна објава или, во исклучително ретки околности, кога сме заклучиле дека за одредено прашање не треба да се извести во нашиот извештај поради тоа што негативните последици од таквото известување разумно би се очекувало да ги надминат придобивките за јавниот интерес од неговото објавување.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До акционерите и раководството на РЕПЛЕК АД Скопје (продолжение)

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено погоре во делот Други информации, раководството на Групацијата е одговорно за подготвување на консолидиран годишен извештај за работењето на Групацијата за 2025 година во согласност со Законот за трговските друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на консолидираниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Групацијата со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Нашето мислење е дека, историските финансиски информации објавени во консолидираниот годишен извештај за работењето на Групацијата со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Групацијата со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Управител

ул. Даме Груев бр. 7, 1000, Скопје

25 февруари 2026 година

Јане Иванов
Овластен ревизор

80 година | replek
За мое добро.

РЕПЛЕК АД Скопје
КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
за годината која завршува на 31 декември

	Белешки	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Приходи од продажба	(8)	2.079.290	1.948.035
Останати приходи	(9)	56.902	56.135
Промени во залихи на готови производи и производство во тек		(37.833)	14.163
Набавна вредност на продадени стоки	(10)	(203.989)	(231.255)
Трошоци за материјали	(11)	(643.877)	(685.501)
Трошоци за вработените	(12)	(486.665)	(508.438)
Усогласување до објективната вредност на вложувања во недвижности	(19)	-	(8.465)
Останати трошоци	(13)	(271.538)	(195.665)
Амортизација		(129.427)	(112.059)
Оперативна добивка		**362.863**	**276.950**
Финансиски приходи	(14)	9.285	2.816
Финансиски трошоци	(15)	(29.747)	(22.024)
Добивка пред оданочување		**342.401**	**257.742**
Данок на добивка	(16)	(37.288)	(33.546)
Добивка по оданочување		**305.113**	**224.196**
Останата сеопфатна добивка:		-	-
Вкупна сеопфатна добивка по оданочување		**305.113**	**224.196**
- Заработувачка по акција (во МКД)	(35)		
- основна (МКД)		1.282	942
- разводната (МКД)		1.282	942
Нето добивка што им припаѓа на: акционерите на матичното друштво		**305.113**	**224.196**

Скопје , 24 февруари 2026 година

Потпишано во име на Управниот Одбор

Претседател
Душан Пецовски

Друштво за медицинско снабдување РЕПЛЕК АД 1 Увоз-извоз Скопје

РЕПЛЕК АД Скопје
КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на ден 31 декември

Средства	**Белешки**	**2025 (000)МКД**	**2024 (000)МКД**
Нетековни средства			
Нематеријални средства	(17)	400.625	337.868
Недвижности, постројки и опрема	(18)	1.653.447	1.488.683
Средства со право на користење	(18.1)	7.516	-
Вложувања во недвижности	(19)	398.696	398.696
Вкупно нетековни средства		**2.460.284**	**2.225.247**
Тековни средства			
Залиха	(20)	610.072	478.350
Побарувања од купувачи	(21)	564.334	400.257
Побарувања од државата	(22)	70.326	38.316
Пари и парични еквиваленти	(23)	69.981	110.073
Останати краткорочни побарувања и АВР	(24)	44.797	55.819
Вкупни тековни средства		**1.359.510**	**1.082.815**
ВКУПНИ СРЕДСТВА		**3.819.794**	**3.308.062**
Акционерска главнина и обврски			
Акционерска главнина	(25)		
Основна главнина		886.021	886.021
Сопствени акции		(72.160)	(72.160)
Премија од сопствени акции		(100.337)	(100.337)
Законски резерви		164.533	164.102
Резерви за реинвестирана добивка		293.345	216.776
Ревалоризациони резерви		485.259	485.259
Акумулирана добивка		921.102	788.227
Вкупно акционерска главнина		**2.577.763**	**2.367.888**
Нетековни обврски			
Долгорочни кредити	(30)	343.912	183.669
Долгорочни обврски за наем	(31)	5.156	-
Вкупно нетековни обврски		**349.068**	**183.669**
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	(26)	350.787	307.325
Обврски за даноци	(29)	17.810	21.433
Обврски спрема вработените	(27)	1.323	25
Тековен дел од долгорочни кредити	(30)	129.853	216.097
Краткорочни кредити		184.233	21.599
Тековен дел на обврски за наеми	(31)	2.384	-
Останати краткорочни обврски	(28)	83.813	101.532
Одложени приходи (ПВР)	(32)	122.760	88.494
Вкупно тековни обврски		**892.963**	**756.505**
Вкупно обврски		**1.242.031**	**940.174**
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		**3.819.794**	**3.308.062**

РЕПЛЕК АД Скопје
КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
за годината која завршува на 31 декември

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Парични текови од оперативни активности		
Добивка пред оданочување	342.401	257.742
Прилагодувања за:		
Амортизација	129.427	112.059
Нето ефект од ревалоризација на нематеријални средства, недвижности, постројки и опрема и вложувања во недвижности	-	8.465
Неотпишана вредност на отуѓени средства	1.030	777
Вредносно усогласување на тековни средства	13.754	14.450
Расходи и кусоци	31.728	11.360
Расходи за камати	19.005	15.591
Останати усогласувања	-	(36)
Добивка пред промени во работен капитал	**537.345**	**420.408**
Залихи	(163.450)	(49.699)
Побарувања од купувачи	(177.831)	(220.944)
Останати побарувања и АВР	(27.819)	2.554
Останати краткорочни обврски и ПВР	27.224	(32.184)
Обврски спрема добавувачи	43.462	108.832
Платена камата	(19.005)	(15.591)
Платен данок	(43.038)	(21.490)
Нето парични текови од оперативни активности	**176.888**	**191.886**
Парични текови од инвестициони активности		
Набавка на недвижности, постројки, опрема и нематеријални средства	(358.219)	(410.989)
Отуѓување на нетековни средства	267	2.516
Нето парични текови користени за инвестициони активности	**(357.952)**	**(408.473)**
Парични текови од финансиски активности		
Приливи од заеми и кредити	236.633	154.857
Плаќања за наем	(2.384)	-
Исплатени дивиденди	(93.277)	(71.427)
Нето парични текови од финансиски активности	**140.972**	**83.430**
Промена во пари и парични еквиваленти	(40.092)	(133.157)
Пари и парични еквиваленти на почеток на годината	**110.073**	**243.230**
Пари и парични еквиваленти на крај на годината	**69.981**	**110.073**

РЕПЛЕК АД Скопје
КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
за годината која завршува на 31 декември

(000)МКД	Акционер-ски капитал	Сопстве-ни акции	Премија од сопствени акции	Законски резерви	Ревалори-зациони резерви	Резерви за реинвести-рана добивка	Акумулира-на добивка	Вкупно
Состојба, 1 јануари 2024	886.021	(72.160)	(100.337)	164.102	485.637	131.913	719.979	2.215.155
Нето добивка за 2024	-	-	-	-	-	-	224.196	224.196
Законски резерви	-	-	-	-	-	-	-	-
Реинвестирана добивка	-	-	-	-	-	84.863	(84.863)	-
Распределба за дивиденда	-	-	-	-	-	-	(71.427)	(71.427)
Пренос	-	-	-	-	(378)	-	378	-
Останато	-	-	-	-	-	-	(36)	(36)
Останата сеопфатна добивка по оданочување:	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2024	886.021	(72.160)	(100.337)	164.102	485.259	216.776	788.227	2.367.888

(000)МКД	Акционер-ски капитал	Сопстве-ни акции	Премија од сопствени акции	Законски резерви	Ревалори-зациони резерви	Резерви за реинвести-рана добивка	Акумулира-на добивка	Вкупно
Состојба, 1 јануари 2025	886.021	(72.160)	(100.337)	164.102	485.259	216.776	788.227	2.367.888
Нето добивка за 2025	-	-	-	-	-	-	305.113	305.113
Реинвестирана добивка	-	-	-	-	-	76.569	(76.569)	-
Законски резерви	-	-	-	431	-	-	(431)	-
Распределба за дивиденда	-	-	-	-	-	-	(95.238)	(95.238)
Останата сеопфатна добивка по оданочување:	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2025	886.021	(72.160)	(100.337)	164.533	485.259	293.345	921.102	2.577.763

1. Општи податоци

Основната дејност на Групацијата Реплек (во понатамошниот текст: „Групацијата “) е промет на големо со лекови, помошни лековити средства и медицински помагала, како и производство на фармацевтски препарати.

Регистрираното седиште на Групацијата е во Скопје, Република Северна Македонија.

На 31 декември 2025 година, вкупниот број на вработени во Групацијата изнесува 407 (31 декември 2024 година: 420).

Со Групацијата управува Управен одбор составен од четири члена, од кои еден е Генерален директор, како и Надзорен одбор составен од пет члена. Генерален директор на Групацијата во текот на 2025 година, како и до датумот на одобрување на овие консолидирани финансиски извештаи, е Душан Пецовски.

1.1. Подружници

Подружници се правни лица каде што матичното друштво има контрола врз финансиските и деловните политики и поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во тие друштва. Постоењето на и ефектот од поседувањето на гласачката сила се зема во предвид при одредувањето на тоа дали матичното друштво има контрола над тие правни лица. Вложувањата на матичното друштво во подружниците се евидентирани во единечните финансиски извештаи на матичното друштво според нивната набавна вредност.

Подружниците се целосно консолидирани во моментот на воспоставување на контрола над истите од страна на матичното друштво. Подружниците се исклучуваат од консолидација во моментот на престанок на контрола од страна на матичното друштво.

Приложените консолидирани финансиски извештаи ги вклучуваат финансиските извештаи на матичното друштво РЕПЛЕК АД Скопје и подружниците:

% НА УЧЕСТВО	2025	2024
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје	100%	100%
РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје	100%	100%
РЕПЛЕК д.о.о. БЕЛГРАД	100%	100%
РЕПЛЕК Д.О.О БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА	100%	/

2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи

Овие консолидирани финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговските друштва (Службен весник бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120, 2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025), како и Правилникот за сметководство објавен во Службен весник бр. 75/2024 (во понатамошниот текст „Правилник“), со кој беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ том 2023“). Овој Правилник за сметководство ги опфаќа Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ“) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди („МСС“) - МСС 1 до МСС 41, Комитетот за толкувања на меѓународното финансиско известување („КТМСФИ“) – КТМСФИ 1 до КТМСФИ 23 и применливите Толкувања на Постојаниот комитет за толкувања („ПКТ“) од ПКТ 7 до ПКТ 32.

Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, КТМСФИ и ПКТ) се во примена во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 кој ќе биде во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година. Исто така, со измената на Правилникот објавена во Службен весник бр. 274/2024, МСФИ 9 во Република Северна Македонија стапува во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година, притоа според насоките објавени од страна на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 како што е објавен во Службен весник бр. 159/2009 останува важечки сметководствен стандард за финансиските инструменти до тој датум.

Групацијата ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник бр. 75/2024 и бр. 274/2024. Меѓутоа, бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Групацијата се подготвени во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот и објаснето погоре. Притоа, бидејќи МСФИ 1 не беше применлив, Групацијата ги примени специфичните преодни одредби за сите важечки сметководствени стандарди како што е објаснето подолу.

Притоа, приложената консолидирана годишна сметка на Групацијата е прикажана во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка (“Службен весник” бр. 60/2014), чијашто презентација во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени биланси позиции во консолидираните финансиските извештаи предвидени со усвоениот МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи.

Придружните консолидирани финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие консолидирани финансиски извештаи Групацијата ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во консолидираните финансиски извештаи на Групацијата се прикажани во илјади македонски денари. Денарот („МКД“) претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

2.1 Преод кон ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување

Со примена од 1 јануари 2025 година, Групацијата изврши преод кон примената на ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување, усвоени во Република Македонија согласно Правилникот за водење сметководство ("Службен весник" бр. 75/2024).

Преодот кон ажурираните МСФИ не претставува прва примена на МСФИ, туку преод помеѓу различни верзии на МСФИ. Согласно тоа, Групацијата ги применуваше преодните одредби утврдени во поединечните стандарди, без примена на МСФИ 1 – Прва примена на МСФИ.

Ефектите од примената на новите и изменетите стандарди, доколку ги има, се признаени во почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година, во согласност со релевантните преодни одредби на поединечните стандарди.

2.1.1 МСФИ 16 – Наеми

Влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми

Во тековната година, Групацијата го примени МСФИ 16 – Наеми, кој е ефективен за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година.

МСФИ 16 – Наеми воведува нови или изменети барања во однос на сметководственото евидентирање на наемите. Стандардот носи значајни промени во сметководството кај закупопримачите, со тоа што ја укинува разликата помеѓу оперативен и финансиски наем и бара признавање на средство со право на користење и обврска врз основа на наем на датумот на започнување на наемот, за сите наеми, освен за краткорочни наеми и наеми на средства со ниска вредност, кога се применуваат исклучоци од признавање. За разлика од сметководството кај закупопримачите, барањата за сметководството кај закуподавачите остануваат во голема мера непроменети. Подетално објаснување на новите барања, како и влијанието од усвојувањето на МСФИ 16 – Наеми врз финансиските извештаи на Групацијата, се прикажани подолу.

Датумот на првична примена на МСФИ 16 – Наеми за Групацијата е 1 јануари 2025 година. Групацијата го примени МСФИ 16 – Наеми за договори за наем кои претходно биле класифицирани како оперативни договори за наем, врз основа на точка В8(б) од МСФИ 16 – Наеми, односно:

- Призна обврска за наеми на датумот на прва примена за наемот кој претходно бил класифициран како оперативен наем со примена на МСС 17 – Наеми. Групацијата ја измери таа обврска за наеми според сегашната вредност на преостанатите плаќања врз основа на наеми, дисконтирани со користење на инкременталната каматна стапка на позајмување на датумот на прва примена.
- Призна средство за право на користење на датумот на прва примена кај договори за наеми кои претходно биле класифицирани како оперативни наеми со примена на МСС 17 – Наеми, кое е еднакво на обврската за наем.

Овој пристап не бара повторно прикажување на споредбените периоди.

2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи (продолжение)

2.1.1 МСФИ 16 – Наеми (продолжение)

Влијание од новата дефиниција на наем

Групацијата ја применува дефиницијата за наем и поврзаните насоки утврдени во МСФИ 16 – Наеми на сите договори за наеми склучени или изменети на или по 1 јануари 2025 година (без разлика дали Групацијата е закупопримач или закуподавач во договорот). Како подготовка за првичната примена на МСФИ 16 – Наеми , Групацијата спроведе проект за имплементација. Проектот покажа дека новата дефиниција во МСФИ 16 – Наеми нема значително да го промени опфатот на договорите кои ги исполнуваат условите за признавање како договори за наем за Групацијата.

Сметководствено влијание

(i) Поранешни оперативни наеми

МСФИ 16 – Наеми го менува начинот на кој Групацијата ги евидентира наемите што претходно беа класифицирани како оперативни согласно МСС 17 – Наеми. Со примена на МСФИ 16 – Наеми, за сите наеми, Групацијата:

а) Признава средства со право на користење и обврски врз основа на наем во консолидираниот извештај за финансиска состојба, првично мерени по сегашна вредност на идните плаќања врз основа на наем, согласно МСФИ 16:B8(b);

б) Признава амортизација на средствата со право на користење и камата на обврските врз основа на наем во консилидираниот извештај за сеопфатната добивка;

в) Ги раздвојува вкупните исплати во готовина на дел за главнина (прикажан во рамки на готовинските текови од финансиски активности) и дел за камата (исто така прикажан во финансиски активности) во консолидираниот извештај за паричните текови.

Согласно МСФИ 16 – Наеми, средствата со право на користење се предмет на тестирање за обезвреднување согласно МСС 36 – Обезвреднување на средства.

(ii) Поранешни финансиски наеми

За наемите кои беа класифицирани како финансиски согласно МСС 17 – Наеми, сметководствената вредност на средствата добиени преку наем и обврските врз основа на финансиски наем измерени согласно МСС 17 – Наеми непосредно пред датумот на првична примена се рекласифицирани во средства со право на користење и обврски врз основа на наем, без дополнителни прилагодувања, освен во случаи кога Групацијата одлучува да ја примени олеснителната опција за наеми со ниска вредност.

2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи (продолжение)

2.1.1 МСФИ 16 – Наеми (продолжение)

Финансиско влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми

Пондерираниот просечен трошок применет на обврските врз основа на наеми признати во консолидираниот извештај за финансиската состојба на 1 јануари 2025 година изнесува 4.53%.

Групацијата на 1 јануари 2025 година призна средства со право на користење во износ од 10.126 илјади денари и обврски врз основа на наеми во истиот износ при транзицијата на МСФИ 16 – Наеми, при што нема разлика за признавање во акумулираната добивка на тој датум.

Следната табела ги прикажува обврските врз основа на наеми, средствата со право на користење и влијанието задржаната добивка, признати во консолидираниот извештај за финансиска состојба на датумот на првичната примена.

	На 1 јануари 2025	На 31 декември 2024
Обврски врз основа на наеми	10.126	-
Средства со право на користење	10.126	-
Акумулирана добивка	-	-

2.1.2 МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи

Влијание од првичната примена на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи

Во тековната година, Групацијата го примени МСФИ 15 Приходи од договори со купувачи, кој е во примена за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година. МСФИ 15 воведе пристап во 5 чекори за признавање на приходите:

1. Идентификување на договор со купувач;
2. Идентификување на обврските за извршување во договорот;
3. Утврдување на цената на трансакцијата;
4. Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5. Признавање приход кога (или откако) ќе биде исполнета обврската за извршување.

Новиот стандард воспоставува модел на признавање на приход заснован на пренос на контрола и обезбедува дополнителни насоки во многу области кои претходно не беа детално регулирани, вклучувајќи го начинот на сметководствено третирање на договори кои содржат повеќе обврски за извршување, променливи цени, права на рефундација, опции за повторно откупување од добавувачот и други вообичаени комплексни трансакции.

2.1.2 МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи (продолжение)

Влијание од првичната примена на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи (продолжение)

Главните извори на приходи на Групацијата кои спаѓаат во делокругот на МСФИ 15 се однесуваат на следните категории:

- Продажба на фармацевтски производи
- Приходи од услуги

При анализата на примената на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи, Групацијата утврди дека начинот на признавање на приходите согласно ажурираните барања на стандардот е во суштина конзистентен со сметководствениот третман применуван во претходните периоди.2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи (продолжение)

Врз основа на извршената анализа на договорите со купувачите, раководството утврди дека примената на МСФИ 15 немаше материјално влијание врз признавањето, мерењето и временската распределба на приходите, ниту врз почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година.

Како резултат на тоа, примената на МСФИ 15 не резултираше со корекции на почетните салда при преодот кон ажурираните МСФИ.

2.2. Принцип на континуитет

Групацијата ги превзема сите неопходни активности за прилагодување кон микро и макро економските состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирано на одржување на квалитетот на работењето, ефикасно управување со трошоците, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој. Групацијата ги следи сите услови во државата, макроекономските показатели и глобалните случувања. Врз основа на спроведените анализи според тековните случувања, Групацијата утврди дека во моментов не се очекуваат дополнителни тешкотии во работењето поврзани со ликвидност и сервисирањето на обврските спрема добавувачите.

Долгорочно гледано, можни се последици на обемот на продажбите, паричните текови и профитабилноста. Без разлика на тоа, на датумот на издавање на консолидираните финансиски извештаи Групацијата ги исполнува своите обврски во рокот на доспевање и продолжение да го применува принципот на континуитет како сметководствена претпоставка за подготовка на консолидираните финансиски извештаи.

2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи (продолжение)

2.3. Принципи на консолидација

Консолидираните финансиски извештаи ги опфаќаат извештаите на матичното друштво РЕПЛЕК АД Скопје и подружниците РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје, РЕПЛЕК д.о.о. Белград и РЕПЛЕК Д.О.О Босна и Херцеговина кои се во 100% во сопственост на матичното друштво.

По потреба се извршени рекласификации на податоците обелоденети во консолидираните финансиски извештаи на подружниците со цел на усогласување на нивните сметководствени политики со политиките на матичното друштво.

Сите материјално значајни износи на трансакции настанати од меѓусебните деловни односи помеѓу матичното друштво и подружниците се елиминирани со постапките на консолидација.

Консолидацијата на финансиските извештаи на друштвата е извршена на следниот начин:

- Се собираат поединечно салдата на сите позиции на средствата, обврските, капиталот, од консолидираниот извештај за финансиската состојба на 31 декември, како и приходите и расходите, од консолидираниот извештај за сеопфатната добивка;
- Во целост се елиминираат салдата на побарувањата и обврските на 31 декември, кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата;
- Во целост се елиминираат салдата на вложувањата на матичното друштво во зависните друштва (подружници) со состојба на 31 декември и салдото на делот од капиталот на тие друштва, кој се однесува на тие вложувања
- Се елиминираат приходите и расходите кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составувањето на овие консолидирани финансиски извештаи се следните:

3.1. Признавање на приходи

Групацијата евидентира договор со купувач доколку се исполнети сите од следните критериуми:

- Договорот е одобрен од страните во договорот (писмено, усно или во согласност со друга вообичаена деловна пракса) и се посветени на исполнување на своите обврски;
- Групацијата може да ги идентификува правата на секоја од страните во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Групацијата може да ги идентификува условите за плаќање во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Договорот има комерцијална суштина (т.е. ризикот, периодот или износот на идните готовински текови на Групацијата се очекува да се променат како резултат на договорот); и

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.1. Признавање на приходи (продолжение)

- веројатно е дека Групацијата ќе добие надомест на кој ќе има право во замена за добрата или услугите што ќе му бидат пренесени на купувачот. Кога прави проценка на тоа дали е веројатна наплатливоста на определен износ на надомест, Групацијата ги зема предвид способноста и намерата на купувачот да го плати износот на надомест тогаш кога ќе доспее. Износот на надомест на кој Групацијата ќе има право може да биде помал од цената што е наведена во договорот доколку надоместокот е варијабилен затоа што Групацијата може да му понуди ценовен попуст на купувачот.

Приходите за годината што завршри на 31 декември 2025 година го одразуваат надоместокот за кој Групацијата очекува дека има право да го прими во замена за тие добра во текот на годината, односно кога обврската за извршување е исполнета, т.е. кога „контролата“ врз добрата што лежат во основата на обврската за извршување е пренесена на купувачите.

Приходи од продажба на стоки

Приходите од продажба на стоки се признаваат кога Групацијата ќе ја исполни обврската за извршување преку пренесување на контролата врз стоките на купувачот. Контролата обично се пренесува на точка на време, кога купувачот има способност да го насочи користењето на стоките и да ги добива сите преостанати придобивки. Трансакциската цена е намалена за данок на додадена вредност; очекувани повраток на стоки; трговски попусти; количински рабати и други форми на варијабилен надомест.

Групацијата не задржува контрола или тековно управување со продадените стоки по нивното пренесување.

Приходи од услуги

Приходите од услуги се признаваат со текот на времето, доколку е исполнет еден од следните критериуми:

- Купувачот ги добива и ги троши користите од услугата додека Групацијата ја извршува:
- Изведбата на Групацијата создава или подобрува средство што купувачот го контролира додека се создава;
- Изведбата не создава средство со алтернативна употреба за Групацијата, и Групацијата има спроведливи права на плаќање за дотогаш извршената работа.

За мерење на напредокот се користи соодветен метод, како:

- метод на влезни мерки, како проценети трошоци до датумот на извештајот; или
- метод на излезни мерки, како завршени фази.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.1. Признавање на приходи (продолжение)

Приходи од услуги (продолжение)

Приходот се признава само доколку:

- трансакциската цена може да се одреди,
- постои веројатност на наплата и
- трошоците за извршување може да се измерат со сигурност.

3.2. Признавање на расходи

Расходите се признаваат доколку е веројатно дека Групацијата има сегашна обврска, кога е веројатно дека ќе настанат одливи на економски користи и кога истите може веродостојно да се измерат.

Расходите за камати кои настануваат во врска со позајмувањето на средства или кредитирање од страна на други субјекти се признаваат во периодот во кој настануваат и за кои се однесуваат.

Данокот од добивка се пресметува и плаќа согласно прописите на Република Северна Македонија. Основа за пресметување на данокот за соодветниот даночен период претставува износот на разликата помеѓу вкупните приходи и расходи, коригирани за приходи и трошоци кои се неоданочливи или неодбитни при утврдувањето на оданочливата добивка. Стапката на данокот на добивка е 10%.

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Тековниот данок претставува очекувана даночна обврска за годината со примена на стапките на данок од добивка важечки на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба.

Одложениот данок се пресметува со примена на методот на обврски на временските разлики кои се јавуваат помеѓу сегашната вредност на средствата и обврските за целите на финансиско известување и износите на истите за целите на даночно известување.

Износот на одложениот данок се пресметува според важечките законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејство на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба.

На 31 декември 2025 година, Групацијата нема евидентирано одложени даночни средства и обврски, бидејќи нема оданочливи временски разлики на овој датум.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.2. Признавање на расходи (продолжение)

Законот за минимален глобален данок беше усвоен од Собранието на Република Северна Македонија и објавен во Службен весник на Република Северна Македонија на 3 јануари 2025 година. Со Законот е воведена минимална ефективна даночна стапка од 15%, применлива за групи на мултинационални компании и големи домашни групи со консолидирани годишни приходи што надминуваат 750 милиони евра, во 2 од последните 4 финансиски години. Овој закон се применува за фискалната година којашто започнува на 1 јануари 2024 година, односно првата година што подлежи на оданочување со минимален глобален данок е 2024 година. Групацијата Реплек до 31 декември 2025 година не го исполнува условот за надминување на консолидирани годишни приходи од 750 милиони евра, во 2 од последните 4 финансиски години, поради што не изврши пресметка и евидентирање на дополнителниот данок во консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

3.3. Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена.

Пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, по средниот курс важечки на денот на консолидираниот извештај за финансиска состојба се врши на датумот на известување.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во консилидираниот извештај за сеопфатната добивка како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат.

Вредноста на користените странски валути на 31 декември 2025 и 2024 е следната:

	2025	2024
1 EUR	61,4950	61,4950
1 USD	52,3050	58,8807
1 GBP	70,5865	74,1350

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.4. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата иницијално се евидентираат врз основа на набавната вредност при купувањето или стекнувањето. Набавната вредност на недвижностите, постројките и опремата ги содржи набавната цена намалена за рабатите и ценовните попусти, увозните давачки, сите неповратни даноци на набавката, како и сите директни трошоци кои придонесуваат за донесување на средствата во локација и состојба на нормално функционирање и остварување на задачите утврдени од страна на раководството.

До 31 декември 2023 година, последователното признавање на недвижностите, постројките и опремата се евидентираше според набавната вредност намалена за последователната акумулирана амортизација и последователната акумулирана загуба поради обезвреднување.

Заради обезбедување на поверодостојни и порелевантни информации во финансиските извештаи, почнувајќи од 31 декември 2023 година, по почетното признавање, недвижностите, постројките и опремата се евидентираат според ревалоризираниот износ, кој е објективна вредност на недвижностите, постројките и опремата на датумот на ревалоризацијата намалена за последователната акумулирана амортизација и последователната акумулирана загуба поради обезвреднување.

Во декември 2023 година, Групацијата ангажираше независен проценител заради проценка на недвижностите, постројките и опремата на 31 декември 2023 година. Согласно извештајот на проценителите, вредноста на недвижностите, постројките и опремата беше проценета на 1.491.127 илјади денари на тој датум. Во проценката не беа вклучени инвестициите во тек.

Согласно барањата на применливите Меѓународен сметководствен стандард МСС 8 Сметководствени политики, промена на сметководствени проценки и грешки и Меѓународен сметководствен стандард МСС 16, промената на сметководствената политика за последователно мерење на недвижностите, постројките и опремата не беше ретроактивно примената.

Како резултат на промена на условите и околностите во работењето, Групацијата, исто така, врши тест на загуба за обезвреднување на нето сметководствената вредност на недвижностите, постројките и опремата со цел да се утврди дали истата е надоместлива.

Доколку се утврди дека нето сметководствената вредност на средството или на единицата која создава готовина ја надминува надоместувачката вредност, тогаш се врши усогласување до нивната надоместувачка вредност. Надоместувачка вредност на недвижностите, постројките и опремата е поголемата од нето продажната и употребната вредност.

Последователно мерење на недвижностите, постројките и опремата не беше ретроактивно примената.

При утврдување на употребната вредност се врши дисконтирање на проценетите идни парични текови на нивна сегашна вредност со користење на дисконтна стапка која што ги одразува тековните пазарни проценки за временската вредност на парите и специфичните ризици кои го карактеризираат одредено средство. За средствата кои немаат значаен придонес за создавање на независни парични текови, надоместувачката вредност се добива преку утврдување на вредноста на единиците кои создаваат готовина, а на кои истите им припаѓаат. Загубите од обезвреднување се признаваат во консолидираниот извештај за сеопфатната добивка.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.4. Недвижности, постројки и опрема (продолжение)

Амортизацијата се пресметува врз основа на пропорционална метода со цел набавната или ревалоризираната вредност на недвижностите, постројките и опремата да се амортизира во текот на нивниот проценет век на употреба.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки од недвижностите, постројките и опремата за 2025 и 2024 година, според корисниот век што бил проценет до тој датум:

	2025	2024
Недвижности	2.1%-3%	2.1%-3%
Постројки и опрема	6.7%-33%	6.7%-33%
Транспортни средства	10%-25%	10%-25%
Компјутерска опрема	10%-25%	10%-25%
Мебел	6.67%-20%	6.67%-20%

Во 2024 година годишните стапки се зголемени, како резултат на горенаведената проценка на 31 декември 2023 година, со која се промени и корисниот век на средствата.

Во случаите кога одредени делови учествуваат со значаен износ во набавната вредност на одредена недвижност, постројка или опрема, истите се амортизираат посебно. Средствата кои се класифицирани како расположливи за продажба или се вклучени во група на средства за отуѓување, не се амортизираат.

Добивките или загубите кои произлегуваат од отуѓувањето или повлекувањето од употреба на недвижностите, постројките и опремата се определуваат како разлика меѓу приливите од отуѓувањето и сметководствената вредност на средството и истите се признаваат како приходи или расходи во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка.

3.5 Нематеријални средства

Нематеријалните средства се состојат од софтвер, софтвер во подготовка и права. Нематеријалните средства се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загубите поради обезвреднување. Нематеријалните средства во подготовка не се амортизираат, а применливите амортизациони стапки за правата и софтверот се од 6.7% - 20%.

3.6 Вложувања во недвижности

Вложувањата во недвижности вклучуваат деловни објекти и инвентар што е во функција на објектите во сопственост на Групацијата кои се чуваат за да се заработуваат наемнини или за зголемување на вредноста на капиталот или за двете заедно. Вложувањата во недвижности почетно се мерат според нивната набавна вредност, вклучувајќи ги и трошоците на трансакцијата. По почетното признавање Групацијата ги мери вложувањата во недвижности според објективна вредност на средството на датумот на ревалоризација преку консилидираниот извештај за сеопфатната добивка. Приходот од наемнини од вложувањата во недвижности се признава во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка по пропорционална метода во времетраењето на закупот.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.7. Залихи

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност.

Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивната сегашна состојба и локација и ги вклучува фактурната вредност, трошоците за превоз, царината и другите давачки со исклучок на данокот на додадена вредност. Нето реализационата вредност ја претставува проценетата продажна цена, намалена за трошоците за приготвување на залихите за продажба.

Обезвреднувањето на застарените и неупотребливи залихи се врши на товар на расходите.

3.8. Финансиски инструменти

Финансиските средства и финансиските обврски се признаени во консолидираниот извештај за финансиска состојба на Групацијата на денот на кој Групацијата станува договорна страна засегната од договорните одредби на финансискиот инструмент.

а) Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се искажани според нивната номинална вредност намалена за исправка на вредноста при оценка дека делумната или целосната наплата на побарувањето повеќе не е веројатна . Сметководствената вредност на овие побарувања се намалува со исправка на вредност и признавање на трошокот во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка . Наплатените побарувања чија вредност е отпишана во претходни периоди се признаваат во консолидираниот извештај за сеопфатна добивка како приход.

б) Финансиски обврски, кредити и заеми

Обврските, кредитите и заемите од банки и добавувачи иницијално се мерени според примените износи (т.е. номиналната вредност).

Последователно кредитите и заемите се вреднуваат според амортизирана набавна вредност врз основа на ефективната каматна стапка.

Обврските се класифицираат како краткорочни доколку се очекува да бидат подмирени во нормалниот деловен циклус на работењето на Групацијата, односно доколку доспеваат во период до 12 месеци од денот на консолидираните финансиски извештаи. Сите останати обврски се класифицираат како долгорочни.

в) Пари и еквиваленти на парични средства

Парите и паричните еквиваленти се водат во консолидираниот извештај за финансиска состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, парите и паричните еквиваленти се состојат од готовина и парични средства на сметки во банки. Краткорочните депозити до 3 месеци се класифицирани како парични еквиваленти.

3.9. Користи за вработените

Краткорочни користи за вработените

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

Согласно законските одредби, Групацијата има право на распределба на дел од остварената добивка од претходната година за награди на менаџментот и вработените во Групацијата. Оваа распределба се врши согласно донесените одлуки на Собранието на акционери на Групацијата и истата се признава и евидентира како распределба на нето добивката, а не како расход согласно барањата на МСС 19 – Користи за вработените. На 31 декември 2025 година не постои законска ниту конструктивна обврска за исплата на награди врз основа на распределба на добивка. Согласно тоа, не е признаена обврска по таа основа во консолидираните финансиски извештаи.

Користи по престанок на вработувањето

Групацијата врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во националниот фонд и преку него до приватни пензиски фондови за поедини вработени. Групацијата нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Групацијата е обврзана да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Групацијата нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за консолидираните финансиски извештаи и веројатноста за нивно настанување во моментов е мала.

3.10. Неизвесни средства и обврски

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Групацијата. Неизвесни обврски не се признаваат во консолидираните финансики извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Групацијата. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот.

3.11. Наеми

Групацијата како закупопримач

Групацијата оценува дали договорот претставува или содржи елементи на наем на датумот на неговото склучување. Групацијата признава средство со право на користење и соодветна обврска врз основа на наеми за сите договори за наем во кои се јавува како закупопримач, освен за краткорочни наеми (дефинирани како наеми со рок до 12 месеци) и наеми на средства со ниска вредност (како таблет-уреди, персонални компјутери, мали парчиња канцелариски мебел и телефони).

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.11. Наеми (продолжение)

Групацијата како закупопримач (продолжение)

За овие наеми, Групацијата ги признава плаќањата врз основа на наеми како оперативен расход на линеарна основа за времетраењето на наемот, освен ако друга систематски основа не е порепрезентативна за употреба на економските користи од средството.

Првично мерење на обврската врз основа на наем

Обврската врз основа на наем се мери првично по сегашна вредност на обврските за плаќање на наем што не се подмирени на датумот на започнување на наемот, дисконтирани со:

- каматната стапка имплицитна во наемот, или
- ако оваа стапка не може лесно да се утврди — инкременталната стапка на задолжување на закупопримачот.

Плаќања врз основа на наем вклучени во мерењето на обврската:

- Фиксни плаќања, намалени за сите примени стимулативни услови од наемот;
- Променливи плаќања кои зависат од индекс или стапка, првично мерени со користење на индексот или стапката на датумот на започнување;
- Износот кој се очекува да биде платен во рамки на гарантирана остаточна вредност;
- Цена за купување доколку закупопримачот е разумно сигурен дека ќе ја искористи опцијата за купување;
- Казни за раскинување на наемот, доколку рокот на наемот го рефлектира користењето на опцијата за раскинување.

Обврската врз основа на наем се прикажува како посебна ставка во консолидираниот извештај за финансиската состојба.

Последователно мерење на обврската врз основа на наеми

Обврската врз основа на наеми се мери последователно:

- со зголемување на сметководствената вредност за признавање на камата (применувајќи го методот на ефективна каматна стапка), и
- со намалување на сметководствената вредност за извршените плаќања врз основа на наеми.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.11. Наеми (продолжение)

Повторно мерење на обврската врз основа на наеми

Групацијата повторно ја мери обврската врз основа на наеми (и соодветно го прилагодува средството со право на користење) секогаш кога:

- Ќе се промени рокот на наемот или се случи значаен настан или промена на околности кои ја менуваат проценката за искористување на опцијата за купување. Во овие случаи, обврската врз основа на наеми повторно се мери со дисконтирање на ревидираните плаќања по нова дисконтна стапка.
- Ќе се променат плаќањата врз основа на наеми поради промени во индекс, стапка или очекувани плаќања по гарантирана остаточна вредност. Во овие случаи се применува иста дисконтна стапка, освен доколку промената се должи на промена во плаќањата врз основа на варијабилна каматна стапка, кога се применува ревидирана дисконтна стапка.
- Договорот за наем е изменет и измената не претставува засебен наем. Во такви случаи, обврската повторно се мери користејќи ревидирани плаќања дисконтирани со ревидирана дисконтна стапка на датумот на ефективност на измената.

Групацијата не изврши такви прилагодувања во периодите што се презентирани.

Средствата со право на користење ја вклучуваат првичната проценка на соодветната обврска врз основа на наеми, плаќањата врз основа на наеми извршени на или пред датумот на започнување на наемот, намалени за сите примени стимулативни услови од наемот, како и сите почетни директни трошоци. Потоа, средствата со право на користење се мерат по набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и загуби од обезвреднување.

Секогаш кога Групацијата има обврска да ги демонтира и отстрани изнајмените средства, да го врати просторот во првобитна состојба или да го врати средството во состојба барана со условите од наемот, се признава резервација и се мери согласно МСС 37 – Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства. До степенот до кој овие трошоци се однесуваат на средство со право на користење, тие се вклучуваат во вредноста на средството со право на користење, освен ако тие трошоци не се направени за производство на залихи.

Средствата со право на користење се амортизираат во покус период од рокот на наемот и корисниот век на средството. Доколку наемот пренесува сопственост на средството или доколку вредноста на средството со право на користење укажува дека Групацијата очекува да ја искористи опцијата за купување, тогаш средството со право на користење се амортизира во текот на корисниот век на средството. Амортизацијата започнува на датумот на започнување на наемот.

Средствата со право на користење се прикажуваат како посебна ставка во консолидираниот извештај за финансиската состојба.

Групацијата го применува МСС 36 – Обезвреднување на средства за утврдување дали средство со право на користење е обезвреднето и ги евидентира сите идентификувани загуби од обезвреднување.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.11.Наеми (продолжение)

Како практично олеснување, МСФИ 16 му дозволува на закупопримачот да не ги раздвојува компонентите на наем од компонентите кои не се наем, туку да го третира целиот договор како еден аранжман. Групацијата не го користи ова практично олеснување. За договори кои содржат компонента на наем и една или повеќе дополнителни компоненти (закупни или незакупни), Групацијата го распределува надоместокот од договорот на секоја компонента на наем врз основа на релативната самостојна продажна цена на компонентата на наем и збирната самостојна продажна цена на другите компоненти.

Сметководствени политики применливи пред 1 јануари 2025 година

Наемите се класифицираа како финансиски наеми кога условите на договорот пренесуваа суштински дел од ризиците и користите од сопственоста на закупопримачот. Сите останати наеми се класифицираа како оперативни наеми.

Групацијата како закупопримач (политики согласно МСС 17 – Наеми)

Средствата обезбедени со финансиски наеми се признаваа како средства на Групацијата по нивната објективна вредност или, доколку е пониска, по сегашна вредност на минималните плаќања врз основа на наем, определени на датумот на започнување на наемот. Соодветната обврска кон закуподавачот се вклучуваше во консолидираниот извештај за финансиска состојба како обврска врз основа на финансиски наем.

Плаќањата по финансиски наем се распределуваа меѓу финансиски расход и намалување на обврската, така што се постигнуваше постојана стапка на камата врз остатокот на обврската. Финансиските расходи се признаваа веднаш во добивка или загуба, освен ако не беа директно атрибутивни на квалификувачки средства, при што се капитализираа согласно општата политика на Групацијата за трошоци за заеми.

Наемите што се плаќаа врз основа на оперативни наеми се признава како расход на линеарна основа за периодот на траење на соодветниот наем, освен кога друг посистематски основ е порепрезентативен за моделот на употреба на економските користи од средството предмет на наем.

3.12. Државни поддршки

Државните поддршки се признаваат во добивката или загубата на систематска основа во периодите во кои Групацијата ги признава како расходи поврзаните трошоци кои поддршките треба да ги надоместат.

Иницијално, со признавање на средството кое претставува државна поддршка Групацијата се признаваат одложени приходи под услов да постои разумна сигурност дека тие ќе бидат применети и дека Групацијата ќе ги исполни условите поврзани со давањето на поддршката. Износите на државна поддршка потоа се признаваат во добивките или загубите на систематска основа пропорционално распоредени низ животниот век на средството.

3.Основни сметководствени политики (продолжение)

3.13. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Групацијата има сегашна обврска (правна или изведена) за која е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства и за која е можно веродостојно да се процени износот на обврската. Расходот за било која резервација се признава во консилидираниот извештај за сеопфатната добивка. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.14. Заработувачка по акција

Групацијата ја прикажува основната и разводнетата заработувачка по акција од обичните акции како поделба на нето финансискиот резултат за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондериранот просечен број на обични акции во текот на годината.

Разводнетата заработка по акција е пресметана со корекција на нето финансискиот резултат за годината која им припаѓа на имателите на обични акции и пондериранот просечен број на обични акции во текот на периодот за ефектите на сите потенцијално разводнети обични акции.

3.15. Споредбени податоци

Со цел да се одржи конзистентност со презентацијата во тековната година, одредени ставки беа рекласифицирани за компаративни цели. Таквите рекласификации не резултираа во значајни промени на содржината и формата на финансиските информации презентирани во консолидираните финансиски извештаи.

4. Управување со финансиски ризици

4.1. Фактори на финансиски ризици

Активностите на Групацијата го изложуваат на различни финансиски ризици: Пазарен ризик (вклучувајќи валутен ризик, ризик на фер пазарни вредности, каматен ризик и ценовен ризик), кредитен ризик и ризик на ликвидност. Групацијата управува со севкупниот ризик со фокусирање на непредвидливоста на финансиските пазари, со цел да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти на финансиските резултати на Групацијата.

Управувањето со финансиските ризици го врши раководството на Групацијата, преку континуирано следење и проценка на изложеноста, со цел минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз финансиската состојба и резултатите од работењето.

4.2. Пазарен ризик

Ризик од промена на курсеви на валути

Групацијата е изложена на валутен ризик, главно поради промени во курсот на еврото во однос на функционалната валута (денарот). Групацијата не користи финансиски деривативи за хеџирање на овој ризик, бидејќи тие не се лесно достапни во Република Северна Македонија.

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

4.2. Пазарен ризик (продолжение)

Ризик од промена на курсеви на валути (продолжение)

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски деноминирани во странски валути (во МКД) на 31 декември 2025 година изнесува:

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Средства	416.943	295.079
Обврски	(231.238)	(107.513)
Нето (неусогласеност)	**185.705**	**187.566**

Повеќето монетарни средства и обврски се во евра, а односот денар – евро во 2025 година бил стабилен без позначајни поместувања. Поради тоа, Групацијата смета дека ризикот од курсни разлики е нисок и нема значително влијание врз финансиската состојба.

Ценовен ризик

Групацијата е изложена на ценовен ризик, кој произлегува од можни промени во цените на влезните ресурси, како што се енергија, наеми и услуги за одржување. Дополнително, ризикот вклучува можност за застарување или обезвреднување на залихите и материјалните средства, што може да влијае на нивната книговодствена вредност. Раководството континуирано ги следи овие ризици преку анализа на трошоците и состојбата на залихите, со цел навремено да презема мерки за нивно минимизирање и да го намали потенцијалното негативно влијание врз финансиските резултати.

Ризик од промена на каматни стапки

Задолжувањата на Групацијата и промената на каматните стапки може да има влијание на резултатите на Групацијата пропорционално на зголемувањето на стапката. Каматоносните и некаматоносните финансиски средства и обврски се презентирани подолу:

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Финансиски средства – Некаматоносни		
Пари и парични еквиваленти	69.981	110.073
Побарувања од купувачи	564.334	400.257
Вкупно финансиски средства	**634.315**	**510.330**
Финансиски обврски – Некаматоносни		
Обврски кон добавувачи	350.787	307.325
	350.787	**307.325**
Финансиски обврски – Каматоносни		
Фиксна каматна стапка		
Кредити	30.717	48.270
	30.717	**48.270**
Променлива каматна стапка		
Кредити и позајмици	627.281	373.095
Обврски за наем	7.540	
	634.821	**373.095**
Вкупно финансиски обврски	**1.016.325**	**728.690**

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

4.2. Пазарен ризик (продолжение)

Ризик од промена на каматни стапки (продолжение)

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

Анализата на сензитивноста е одредена врз основа на изложеноста на Групацијата на промена на каматните стапки на финансиските инструменти на денот на консолидираниот извештај за финансиска состојба. За финансиските инструменти со променливи каматни стапки, анализата е подготвена под претпоставка дека износите на крајот на годината биле непроменети во текот на целата година. При изготвувањето на анализата на сензитивноста на промените на каматните стапки, користено е зголемување или намалување на каматните стапки за 2 процентни поени, што претставува разумна процена на Раководството за можните промени на каматните стапки кај финансиските инструменти со променлива каматна стапка.

Доколку каматните стапки би биле повисоки/пониски за 2 процентни поени, а сите други варијабли непроменети, добивката на Групацијата за годината што завршува на 31 декември 2025 би била пониска, односно повисока, за 12.696 илјади денари (2024: 7.462 илјади денари).

4.3 Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од парични средства и парични еквиваленти, депозити во банки и финансиски институции, како и од доспеани ненаплатени побарувања од купувачи. На 31 декември 2025 година, најголемиот дел од побарувањата не се обезбедени со гаранции.

Раководството го управува кредитниот ризик преку утврдени лимити на изложеност, континуирано следење на наплатата на побарувањата и избор на банки со висок кредитен рејтинг, со цел да се минимизира потенцијалното негативно влијание врз финансиската состојба на Групацијата

4.4. Ризик на ликвидност

Разумното управување со ризикот на ликвидност имплицира обезбедување постојан позитивен готовински тек за намирување на обврските во рок.

Раководството ја следи ликвидоносната резерва составена од готовина и еквиваленти како и можности за задолжување на основа на очекуваните готовински текови.

Групацијата смета дека односите со кредиторите се одржуваат на ниво кое му овозможува да ги подмирува обврските во договорените рокови.

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Групацијата со состојба на 31 декември 2025 година според нивната доспеаност:

	до 3 месеци (000)МКД	3-12 месеци (000)МКД	над 12 месеци (000)МКД	Вкупно (000)МКД
Добавувачи	347.058	-	3.279	350.337
Кредити	21.955	292.131	343.912	657.998
	369.013	**292.131**	**347.191**	**1.008.335**

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

4.4. Ризик на ликвидност (продолжение)

Следната табела ја презентира договорната рочност на финансиските обврски на Групацијата со состојба на 31 декември 2024 година според нивната доспеаност:

	до 3 месеци (000)МКД	3-12 месеци (000)МКД	над 12 месеци (000)МКД	Вкупно (000)МКД
Добавувачи	303.596	-	3.729	307.325
Кредити	23.760	213.936	183.669	421.365
	327.356	**213.936**	**187.398**	**728.690**

4.5. Останати ризици

Групацијата е изложено и на други оперативни ризици кои постојано се следат и превенираат.

4.6. Управување со капиталот

Целта на управувањето со капиталот на Групацијата е да се обезбеди способноста за продолжување на операциите во континуитет и да се максимира повратот на акционерите преку одржување оптимална структура на капиталот која ќе ја минимизира цената на капиталот.

Како инструменти за оваа цел се одржување на односот на реинвестирани добивки и исплатени дивиденди во неопходните граници за одржување на ликвидноста, продажба на средства за елиминирање на проблематични долгови како и разумно управување со портфолиото на хартии од вредност.

Ризикот од финансирање се следи преку показателите за задолженост кои во 2024 и 2023 година се како што следува:

Раководството врши редовна анализа на задолжениоста:

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Обврски по кредити	657.998	421.365
Пари и парични еквиваленти	(69.981)	(110.073)
Нето обврски кредити	588.017	311.292
Капитал	2.577.763	2.367.888
Нето обврски кредити/Капитал	23%	13%

5. Објективна вредност

Групацијата располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата во подружници, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност. Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котира ните пазарни цени;
- објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски се одредува во согл асност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на гото винските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и пону дени цени од деловните партнери за слични инструменти.

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година е како што следува:

	Во илјади денари			
	31 декември 2025		31 декември 2024	
	Сметковод. вредност	Објективна вредност	Сметковод. вредност	Објективна вредност
Финансиски средства				
Пари и парични еквиваленти	69.981	69.981	110.073	110.073
Побарувања од купувачи	564.334	564.334	400.257	400.257
	634.315	634.315	510.330	510.330
Финансиски обврски				
Обврски кон добавувачи	350.787	350.787	307.325	307.325
Обврски за наем	7.540	7.540	-	-
Кредити и заеми	657.998	657.998	421.365	421.365
	1.016.325	1.016.325	728.690	728.690

Хиерархија на објективна вредност

Групацијата ги класифицира сите финансиски средства и обврски по објективна вредност користејќи хиерархија составена од параметри користени за утврдување на објективната вредност. Хиерархијата на објективната вредност ги содржи следниве нивоа:

а) Ниво 1 – Објективна вредност е утврдена со директно поврзување со цените на финансиските инструменти кои котираат на активниот пазар;

б) Ниво 2 – Објективната вредност е утврдена користејќи техники на проценка која вклучува параметри од активниот пазар, а кои можат да бидат директни преку цените или индиректно добиени преку цените;

в) Ниво 3 – Објективната вредност е утврдена користејќи техники на проценка која вклучува параметри кои што не можат директно или индиректно да се следат на активниот пазар или пак тие не се видливи.

5. Објективна вредност (продолжение)

Во периодот немаше префрлувања од Ниво 1 во Ниво 2. Парите и паричните еквиваленти се класифицирани во Ниво 1, додека побарувањата од купувачи, обврските спрема добавувачи и кредитите се класифицирани во Ниво 3.

6. Значајни сметководствени проценки и претпоставки

При примената на сметководствените политики на Групацијата, опишани во Белешка 3, Групацијата користи најдобри можни проценки и разумни претпоставки кои се однесуваат на сметководствените вредности на средствата и обврските кои не се јасно видливи од други извори. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите од историското искуство како и други фактори кои се сметаат за релевантни во дадените околности. Идните вистински резултати можат да се разликуваат од проценетите износи.

Проценките и претпоставките повторно се проверуваат на континуирана основа. Повторното проверување на сметководствените проценки се признава во периодот во кој е извршена проверката доколку истата има влијание само на тој период или пак се признава во периодот на повторната проверка и во идните периоди доколку истата има влијание и врз тековниот и врз идните периоди.

Во продолжение се дадени клучните проценки кои се поврзани со идни, или други клучни извори на проценка на неизвесноста на датумот на консолидираниот извештај за финансиска состојба, кои имаат ризик да предизвикаат материјално значајно коригирање на сметководствената вредност на средствата и обврските во идната финансиска година.

Објективна вредност

Објективната вредност на финансиските инструменти, за која нема активен пазар, е одредена со примена на соодветни методи на вреднување.

Групацијата го применува сопственото професионално расудување во изборот на соодветните методи и претпоставки. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во Белешката 5.

Корисен век на средствата

Амортизационите стапки се определуваат врз основа на предвидениот корисен век на употреба на недвижностите, постројките и опремата. Корисниот век на употреба се проверува еднаш годишно од страна на Групацијата врз основа на тековните проценки.

Обезвреднување на побарувањата од купувачи и другите побарувања

Обезвреднувањето на сомнителните побарувања се заснова врз проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на купувачите да ги исполнат своите договорни обврски. Проценките кои се користат при проценката на адекватноста на обезвреднувањето на сомнителните побарувања се старосната структура на побарувањата и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на купувачите како и промените во нашите услови за плаќање. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на комитентите и идните готовински наплати.

7. Оперативни сегменти

Деловни сегменти

Групацијата е организирана во следните деловни сегменти:

- Фармација
- Трговија (останато)

Со издавањето на деловни објекти на подружницата РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје под закуп, дејноста преку сегментите Маркет и Угостителство беше прекината.

Приходите од продажба по деловни сегменти се следниве:

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Фармација	2.055.814	1.919.645
Останати приходи (приходи од наемнини)	23.476	28.390
Вкупно	**2.079.290**	**1.948.035**

Останатите приходи по деловни сегменти се следниве:

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Фармација	-	-
Останати приходи	56.902	56.135
Вкупно	**56.902**	**56.135**

Географски сегменти

Република Северна Македонија е матична земја за Групацијата. Групацијата ги остварува своите продажби како на домашниот пазар, така и на странски пазари како што следува:

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Северна Македонија	535.314	520.422
ЗНД	705.179	851.433
Африка и Близок Исток	356.859	259.580
Југоисточна Европа	329.790	214.758
Југоисточна Азија	55.890	51.476
Европска Унија	96.258	50.366
Вкупно	**2.079.290**	**1.948.035**

Информации за главни купувачи (над 10% од приход од продажба): два главни купувачи со учество од 10% до 15% од вкупните приходи од продажба (2024: три главни купувачи со учество од 11% до 14% од вкупните приходи од продажба).

8. Приходи од продажба

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Приходи од продажба во странство	1.543.610	1.427.640
Приходи од продажба во земјата	512.203	492.081
Приходи од наемнини	23.230	27.968
Останати приходи	247	346
Вкупно	**2.079.290**	**1.948.035**

9. Останати приходи

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Приходи врз основа на употреба на сопствени добра (производи, стоки) и услуги	3.704	11.280
Приходи од премии, субвенции, дотации и донации	2.795	2.742
Одобренија	15.196	16.654
Утовар, логистички услуги и ускладиштување	2.553	5.673
Префактурирани трошоци	228	1.824
Приходи од извршена физичко-хемиска и микробиолошка анализа	3.439	7.459
Останати приходи	28.987	10.503
Вкупно	**56.902**	**56.135**

10. Набавна вредност на продадени стоки

Набавната вредност на продадените стоки изнесува 203.989 илјади денари (2024: 231.255 илјади денари).

11. Трошоци за материјали

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Трошоци за суровини и материјали	606.739	641.486
Трошоци за енергија	31.719	27.822
Потрошени резервни делови	5.119	14.665
Трошоци за амбалажа и ситен инвентар	300	1.528
Вкупно	**643.877**	**685.501**

12. Трошоци за вработените

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Плати и надоместоци на плата - бруто	441.562	456.100
Останати надоместоци за вработените	45.103	52.338
Вкупно	**486.665**	**508.438**

13. Останати трошоци

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Трошоци за регистрација на лекови	4.998	3.102
Реклама, репрезентација и спонзорство	63.566	53.611
Вредносно усогласување на тековни средства	13.754	14.450
Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нетековни средства	1.030	777
Расходи од отпис	31.728	11.360
Одобрени попусти, рабат, рекламации и дадени примероци	1.424	4.097
Останати услуги	25.394	14.685
Транспортни и ПТТ услуги	17.702	12.434
Услуги за одржување и заштита	16.670	9.730
Комунални услуги	4.562	4.336
Трошоци за осигурување	17.426	13.633
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	2.752	3.715
Даноци кои не зависат од резултатот	6.431	2.954
Консултантски услуги	15.055	16.495
Договори на дело	18.006	8.431
Казни, пенали, надоместоци на штети и друго	-	109
Трошоци поврзани со GMP audit	3.058	-
Останати расходи од работењето	27.982	21.746
Вкупно	**271.538**	**195.665**

14. Финансиски приходи

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Позитивни курсни разлики	9.230	2.816
Приходи од камати	55	-
Вкупно	**9.285**	**2.816**

15. Финансиски трошоци

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Негативни курсни разлики	10.507	6.433
Камати од работењето со неповрзани друштва	19.060	15.591
Останати финансиски расходи	180	-
Вкупно	**29.747**	**22.024**

16. Данок од добивка

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Добивка пред оданочување	342.401	257.742
Непризнати расходи	89.681	114.671
Пренесена загуба од претходни години	(49.511)	(37.050)
Консолидациони усогласувања	17.366	100
Реинвестирана добивка	(27.060)	-
Даночна основа	**372.877**	**335.463**
Пресметан данок 10%	37.288	33.546
Даночно ослободување за дадена донација	-	-
Пресметан данок на добивка	37.288	33.546
Ефективна даночна стапка	10,89%	13,02%

17. Нематеријални средства

Опис (000) МКД	Права	Софтвер	Останати нематеријални средства	Во подготовка	Вкупно
Набавна вредност					
Состојба, 1 јануари 2025	316.381	22.667	-	19.115	358.163
Набавки	-	37.747	1.415	53.237	92.399
Пренос	34.473	24.755	-	(59.228)	-
Состојба, 31 декември 2025	**350.854**	**85.169**	**1.415**	**13.124**	**450.562**
Акумулирана амортизација					
Состојба, 1 јануари 2025	(15.845)	(4.450)	-	-	(20.295)
Амортизација	(22.991)	(6.558)	(93)	-	(29.642)
Состојба, 31 декември 2025	**(38.836)**	**(11.008)**	**(93)**	**-**	**(49.937)**
Набавна вредност					
Состојба, 1 јануари 2024	-	22.160	-	-	22.160
Набавки	316.381	507	-	19.115	336.003
Состојба, 31 декември 2024	**316.381**	**22.667**	**-**	**19.115**	**358.163**
Акумулирана амортизација					
Состојба, 1 јануари 2024	-	-	-	-	-
Амортизација	(15.845)	(4.450)	-	-	(20.295)
Состојба, 31 декември 2024	**(15.845)**	**(4.450)**	**-**	**-**	**(20.295)**
Состојба, 31 декември 2025	**312.018**	**74.161**	**1.322**	**13.124**	**400.625**
Состојба, 31 декември 2024	**300.536**	**18.217**	**-**	**19.115**	**337.868**

17. Нематеријални средства (продолжение)

Во текот на 2025 година, Групацијата пушти во употреба нов ERP систем (SAP) како интегрирано решение за поддршка на деловните процеси. Трошоците директно поврзани со неговата набавка и имплементација се капитализирани како нематеријално средство во согласност со МСС 38, додека трошоците за обука и тековно одржување се признаени како расход во периодот на нивното настанување.

Групацијата продолжи со вложувања во развој и регистрација на нови лекови, при што трошоците што ги исполнуваат критериумите за признавање согласно МСС 38 се капитализираат, а останатите се евидентираат како расход во периодот.

18. Недвижности, постројки и опрема

(000) МКД	Објекти	Постројки и опрема	Инвестиции во тек	Вкупно
Набавна вредност				
Состојба, 1 јануари 2025	710.363	791.787	78.108	1.580.258
Набавки	13.945	38.330	212.880	265.155
Пренос	29.758	129.362	(159.120)	-
Отуѓувања	-	(3.679)	-	(3.679)
Состојба, 31 декември 2025	**754.066**	**955.800**	**131.868**	**1.841.734**
Акумулирана амортизација				
Состојба, 1 јануари 2025	(18.834)	(72.741)	-	(91.575)
Трошок за годината	(17.596)	(79.579)	-	(97.175)
Отуѓувања	-	463	-	463
Состојба, 31 декември 2025	**(36.430)**	**(151.857)**	**-**	**(188.287)**
Набавна вредност				
Состојба, 1 јануари 2024	709.624	781.506	17.626	1.508.756
Набавки	415	13.413	61.156	74.984
Пренос	448	226	(674)	-
Отуѓувања	(124)	(3.358)	-	(3.482)
Состојба, 31 декември 2024	**710.363**	**791.787**	**78.108**	**1.580.258**
Акумулирана амортизација				
Состојба, 1 јануари 2024	**-**	**-**	**-**	**-**
Трошок за годината	(18.835)	(72.929)	-	(91.764)
Отуѓувања	1	188	-	189
Состојба, 31 декември 2024	**(18.834)**	**(72.741)**	**-**	**(91.575)**
Нето состојба, 31 декември 2025	**717.636**	**803.943**	**131.868**	**1.653.447**
Нето состојба, 31 декември 2024	**691.529**	**719.046**	**78.108**	**1.488.683**

18. Недвижности, постројки и опрема (продолжение)

На 31 декември 2023 година Групацијата спроведе проценка на материјалните средства од независен овластен проценител, при што средствата набавени до тој датум се евидентираат по нивната проценета (фер) вредност, во согласност со примената на моделот на ревалоризација согласно МСС 16 – Материјални средства.

Средствата набавени по 31 декември 2023 година се признаваат по набавна вредност.

Согласно извештајот за проценката на недвижностите, постројките и опремата, земјиштето е презентациски рекласифицирано како дел од вредноста на објектите бидејќи е во функција на дејноста на објектите. Групацијата поседува имотна документација за објектите, додека за дел од земјиштето под и околу објектите поседува документација за право на користење. Притоа постапката за комплетирање на имотната документација е во тек пред надлежните органи.

Недвижностите на Групацијата се користат како обезбедување на обврските по кредити (Белешка 30).

18.1. Средства со права за користење

Опис (000) МКД	Објекти	Мебел и транспортни средства	Вкупно
Набавна вредност			
Состојба, 31 декември 2024	-	-	-
Ефект од првична примена на МСФИ 16 – Наеми	1.210	8.916	10.126
Состојба, 1 јануари 2025	**1.210**	**8.916**	**10.126**
Акумулирана амортизација			
Состојба, 31 декември 2024	-	-	-
Трошок за годината	(393)	(2.217)	(2.610)
Состојба, 31 декември 2025	**(393)**	**(2.217)**	**(2.610)**
Нето состојба, 31 декември 2025	**817**	**6.699**	**7.516**

19. Вложувања во недвижности

Вложувањата во недвижности во износ од 398.696 илјади денари на 31 декември 2024 година ја претставуваат нивната објективна вредност утврдена врз основа на независна проценка извршена од овластен проценител. На 31 декември 2025 година, Групацијата изврши проценка на објективната вредност на вложувањата во недвижности, при што, земајќи ги предвид пазарните услови и карактеристиките на недвижностите, утврди дека не постојат значајни индикатори за промена на нивната објективна вредност во однос на претходниот период. Согласно тоа, објективната вредност на вложувањата во недвижности останува непроменета во однос на 31 декември 2024 година. Вложувањата во недвижности се однесуваат на функционално поделените објекти „Хубо маркет“ и „Ден и Ноќ“, заедно со инвентарот кој е во функција на дејноста на закупецот.

20. Залиха

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Суровини и материјали на залиха	323.730	262.345
Залиха на резервни делови	18.601	18.945
Полупроизводи и готови производи	99.472	123.997
Залиха на трговски стоки	168.269	73.063
Вкупно	**610.072**	**478.350**

21. Побарувања од купувачи

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Побарувања од купувачи во земјата	192.709	169.858
Побарувања од купувачи во странство	362.055	236.269
Останати побарувања од неповрзани страни	25.300	8.123
Исправка на вредноста	(15.730)	(13.993)
Вкупно	**564.334**	**400.257**

21. Побарувања од купувачи (продолжение)

Структурата на побарувањата со 31 декември 2025 по доспеаност е презентирани во следната табела:

			(000)МКД
31 декември 2025	**Бруто изложеност**	**Исправка на вредноста**	**Нето изложеност**
До 1 година	558.578	-	558.578
од 1 - 3 години	8.810	(3.054)	5.756
над 3 години	12.676	(12.676)	0
Вкупно	580.064	(15.730)	564.334

Структурата на побарувањата со 31 декември 2024 по доспеаност е презентирани во следната табела:

			(000)МКД
31 декември 2024	**Бруто изложеност**	**Исправка на вредноста**	**Нето изложеност**
До 1 година	399.389	-	399.389
од 1 - 3 години	1.062	(782)	280
над 3 години	13.799	(13.211)	588
Вкупно	414.250	(13.993)	400.257

22. Побарувања од државата

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Повеќе платен данок на додадена вредност	65.690	26.849
Повеќе платен данок на добивка	4.636	11.467
Вкупно	**70.326**	**38.316**

23. Пари и парични еквиваленти

Опис	2024 (000)МКД	2024 (000)МКД
Пари на трансакциски сметки во денари	14.981	51.260
Пари во благајна во денари	113	3
Пари на трансакциски сметки во девизи	54.887	58.724
Пари во благајна во девизи	-	86
Вкупно	**69.981**	**110.073**

24. Останати краткорочни побарувања

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Дадени аванси	28.369	31.209
Однапред платени трошоци и пресметани приходи	16.423	24.561
Побарувања од вработените	5	49
Вкупно	**44.797**	**55.819**

25. Акционерски капитал
а. Основна главнина

На 31 декември 2025 основната главнина на Друштвото изнесува 886.021 илјади денари (2024: 886.021 илјади денари) и се состои од 259.200 издадени и целосно уплатени акции (Белешка 35) со номинална вредност од 56,24 EUP/акција. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Следните акционери имаат сопственост над 5% од вкупно издадените акции со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година:

	2025	2024
Г-дин Душан Пецовски	12,31%	12,20%
Сава пензиски фонд (отворен задолжителен и доброволен пензиски фонд)	6,53%	6,88%
Ситко Дооел Скопје	6,39%	6,37%
Г-дин Владимир Пецовски	6,39%	6,35%
БИОТЕК ДОО	6,30%	6,30%
Настел ДООЕЛ	5,88%	6,85%
РЕПЛЕК АД – сопствени акции	8,14%	8,14%

25. Акционерски капитал (продолжение)

а. Основна главнина (продолжение)

По одлука на Собранието на акционери на 27 април 2022 година, Друштвото изврши откуп на 1.200 сопствени акции со номинална вредност од 41.019 илјади денари по купопродажна вредност од 108.619 илјади денари. Разликата помеѓу купопродажната и номиналната вредност во износ од 67.600 илјади денари беше призната директно во акционерската главнина.

Исто така, по одлука на Собранието на акционери на 26 април 2023 година, Друштвото изврши откуп на дополнителни 900 сопствени акции со номинална вредност од 31.141 илјади денари по купопродажна вредност од 63.878 илјади денари. Разликата помеѓу купопродажната и номиналната вредност во износ од 32.737 илјади денари беше призната директно во акционерската главнина.

б. Сопствени акции

Матичното друштво може да стекнува сопствени акции со откуп, при што номиналниот износ на стекнатите акции, заедно со акциите што друштвото ги стекнало претходно не смее да надмине една десеттина од основната главнина и имотот на Матичното друштво не смее да се намали под износот на основната главнина и резервите коишто, според законските прописи или според статутот, мора да ги има и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите. Купопродажната вредност на откупените сопствени акции се признава директно во акционерската главнина. Сопствените акции мора да се отуѓат во рок од три години од денот на нивното стекнување, освен ако номиналниот износ на стекнатите акции, вклучувајќи ги и стекнатите сопствени акции, не надминува една десетина од основната главнина. Доколку сопствените акции не се отуѓат и истите претходно се понудени за продажба по пат на јавна понуда во пропишаниот рок, но продажбата не била успешна, тогаш сопствените акции без одлагање треба да бидат поништени. Кога поништувањето на сопствените акции доведува до намалување на имотот на друштвото под номиналната вредност на основната главнина, мора да се спроведе постапка за намалување на основната главнина.

в. Законска резерва

Групацијата има задолжителна законска резерва, како општ резервен фонд, која се формира по пат на зафаќање на 5% од нето добивката. Издвојувањето се врши се до моментот додека резервата не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основната главнина. До достигнување на законскиот минимум, оваа резерва може да се користи само за покривање на загуба, а кога ќе го надмине предвидениот минимум, вишокот може да се користи, по претходно донесена одлука на собранието на акционери, и за дополнување на износот утврден за исплата на дивиденди.

г. Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира преку зголемување на вредноста на недвижностите, постројките и опремата како резултат на нивна проценка и последователно мерење по ревалоризациона вредност. Истата се намалува преку амортизација, обезвреднување, отуѓување или намалување на вредноста недвижностите, постројките и опремата при идни проценки.

26. Обврски спрема добавувачи

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Обврски спрема добавувачи во земјата	119.161	199.812
Обврски спрема добавувачи во странство	231.626	107.513
Вкупно	**350.787**	**307.325**

27. Обврски кон вработени

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Обврски за бруто плата	1.323	25
Вкупно	**1.323**	**25**

28. Останати краткорочни обврски

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Обврски за примени аванси, депозити и кауции	79.039	98.744
Обврски врз основа на учество во добивката	4.625	2.664
Останати краткорочни обврски спрема неповрзани страни	149	124
Вкупно	**83.813**	**101.532**

29. Обврски за даноци

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Обврски за данокот на додадена вредност	8.178	244
Обврски за данок на добивка	8.199	20.780
Обврски за персонален данок	1.433	409
Вкупно	**17.810**	**21.433**

30. Краткорочни и долгорочни финансиски обврски

Опис	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Тековен дел од долгорочни кредити	129.853	216.097
Краткорочни кредити	184.233	21.599
Долгорочни кредити	343.912	183.669
	657.998	**421.365**

Во продолжение се прикажани сите активни договори за заем на Групацијата на датумот на консолидираниот извештај за финансиската состојба, вклучително и основните договорни услови, како што се износот на обврската, договорната каматна стапка и рокот на доспевање.

Финансиските обврски произлегуваат од договорни аранжмани со финансиски институции и се евидентирани согласно применливите сметководствени политики на Групацијата.

Одобрен кредит	Последна отплата	Каматна стапка	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
61.000	20.10.2027	4,23%	24.852	38.407
92.000	21.9.2027	3,84%	30.717	48.270
61.500	5.5.2025	3,27%	-	5.695
30.500	23.12.2029	4,00%	24.400	30.500
95.030	12.1.2033	1,95%	91.918	-
11.100	22.8.2030	4,00%	10.360	-
9.000	21.3.2030	4,00%	7.950	-
60.000	Револвинг	1,28%-3%	42.384	-
62.730	30.12.2031	2,80%	31.307	-
30.000	31.10.2025	Реф.к.с.+1,7%	-	21.599
61.500	5.5.2025	3,53%	-	5.694
110.000	8.10.2026	4,23%	110.000	110.000
122.000	20.3.2029	4.22%	79.300	103.700
30.500	27.12.2029	4%	24.400	30.500
27.200	4.12.2033	1,95%	27.200	-
80.000	13.3.2030	4%	68.000	-
30.000	30.8.2026	3,90%	30.000	27.000
23.361	16.10.2033	1,95%	23.361	-
50.000	Револвинг	1,28%-3%	31.849	-
	Вкупно		657.998	421.365
	Тековен дел		**(129.853)**	**(216.097)**
	Краткорочни кредити		**(184.233)**	**(21.599)**
	Нетековен дел		**343.912**	**183.669**

31. Обврски за наем

Класификацијата на обврските по основ на наем е како што следува:

	На 31 декември 2025	На 31 декември 2024
Долгорочни	5.156	-
Тековен дел	2.384	-
	7.540	**-**

	На 31 декември 2025	На 31 декември 2024
До 3 месеци	711	-
Од 3 месеци до 1 година	1.673	-
Од 1 до 5 години	4.850	-
Над 5 години	306	-
	7.540	**-**

32. Одложени приходи (ПВР)

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Одложено признавање на приходи врз основа на државни поддршки	36.480	39.275
Пресметани трошоци	54.715	21.660
Останати пасивни временски разграничувања	31.565	27.559
	122.760	**88.494**

На 31 декември 2025 година, Групацијата врши одложено признавање на приходи врз основа на државни поддршки во износ од 36.480 илјади денари (2024: 39.275 илјади денари) по договор за доделување на финансиска поддршка со Влада на РМ и Анекс кон истиот од 2019 година.

Финансиската државна поддршка е доделена заради реализирање на инвестициски проект на Групацијата. Групацијата истите ги признава на систематска основа и има евидентирно приходи од државни поддршки во износ од 2.795 илјади МКД (2024: 2.742 илјади МКД) колку што изнесува и амортизацијата за основните средства стекнати со државната помош (Белешка 9).

33. Примени стоки на чување

На 31 декември 2025 година, Групацијата има примено стоки на чување во вкупен износ од 53.394 илјади денари (2024: 53.398 илјади денари). Овие стоки им припаѓаат на трети страни и се евидентираат вонбилансно во билансот на состојба на Групацијата.

34. Примање на органите на управување

Во текот на 2025 година, вкупните примања на членовите на Управниот и Надзорниот одбор (9 лица во 2025 година) изнесуваат 27.443 илјади денари и се однесуваат на краткорочни бенефиции.

35. Заработувачка по акција

	2025 (000)МКД	2024 (000)МКД
Нето добивка која им припаѓа на имателите на акции		
Нето добивка за годината	305.113	224.196
	305.113	**224.196**

	број на акции	
	2025	**2024**
Пондериран просечен број на обичните акции		
Издадени обични акции на 1 јануари	**259.200**	**259.200**
Ефекти од промени на бројот на обични акции:		
Сопствени акции	(21.110)	(21.110)
Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември	**238.090**	**238.090**
Основна заработувачка по акција (МКД)	**1.282**	**942**
Разводнета заработувачка по акција (МКД)	**1.282**	**942**

Со одлука донесена на Собранието на акционери на 25 април 2024 година, Друштвото направи поделба на обичните акции и намалување на номиналниот износ во сооднос 1:10. Поделбата е направена на 12 јули 2024 година.

36. Дивиденда по акција

На годишното собрание на акционери на Друштвото коешто ќе се одржи во текот на 2026 година, ќе се изврши распределба на остварената добивка за 2025 година. Овие консолидирани финансиски извештаи не ја содржат оваа распределба, со оглед дека истата ќе биде искажана во консолидираниот Извештај за промените во главнината за 2026 година.

На годишното собрание на акционери во 2025 година, остварената добивка за 2024 година во износ од 166.181 илјади денари е распоредена за исплата на дивиденда во бруто износ од 95.237 илјади денари, односно во бруто износ од 400 денари по акција, во добивка за реинвестирање е распределен износ од 27.060 илјади денари, додека во акумулирана добивка останува износ од 43.884 илјади денари.

На годишното собрание на акционери во 2024 година, остварената добивка за 2023 година во износ од 158.328 илјади МКД е распоредена за исплата на дивиденда во бруто износ од 71.427 илјади денари, односно во бруто износ од 3.000 денари по акција (пред поделбата 1:10), во законски резерви е распределен износ од 84.863 илјади денари, додека во акумулирана добивка останува износ од 2.038 илјади денари.

37. Неизвесни обврски

Потенцијални и неизвесни обврски се евидентираат и прикажуваат во консолидираните финансиски извештаи доколку постои веројатност за идни одливи на средства кои вклучуваат економски користи и доколку постои можност за разумна проценка на износот.

А Судски спорови

На 31 декември 2025 година, Групацијата е страна во одредени судски и административни постапки кои произлегуваат од редовното работење, како во својство на тужена страна, така и во својство на тужител (2024: има).

Врз основа на извршената анализа, правните мислења и проценката на Раководството, не се очекува овие постапки да резултираат со материјален одлив на економски користи за Групацијата. Согласно тоа, на 31 декември 2025 година не е признаено резервирање по овој основ во финансиските извештаи. Вредноста на споровите изнесува МКД 941 илјади (2024: МКД 941 илјади).

Во однос на постапките во кои Групацијата се јавува како тужител, евентуалните приливи на средства не се признаени во финансиските извештаи, бидејќи нивната реализација зависи од исходот на судските постапки. Вредноста на споровите изнесува 23 милиони денари (2024: 22 милиони денари).

Б Банкарски Гаранции

На 31 декември 2025 година, Групацијата има издадени банкарски гаранции во корист на трети лица во износ од 15.5 милиони денари, кои произлегуваат од редовното работење. Раководството не очекува активирање на овие гаранции и, согласно тоа, не е признаено резервирање по овој основ. (2024: 16 милиони денари).

В Даночни обврски

Даночните обврски искажани во билансите не може да се сметаат за конечни, бидејќи даночната власт може да извршат преглед на деловните книги во рок од 5 до 10 години последователно по поднесената даночна пријава и можат да наметнат дополнителни даночни обврски и глоби.

Дополнителните даночни обврски кои би произлегле од овие прегледи не можат да се утврдат од аспект на нивната веројатност и мерење.

Раководството смета дека даночните обврски се соодветно евидентирани и обелоденети во финансиските извештаи и дека евентуалните дополнителни обврски кои би произлегле од идни даночни контроли нема да имаат материјално влијание врз финансиската состојба на Групацијата.

38. Настани по датумот на консолидираниот извештај на финансиска состојба

Не постојат значајни последователни настани кои бараат обелоденување во овие консолидирани финансиски извештаи.

РЕПЛЕК АД Скопје

ПРИЛОГ 1 – КОНСОЛИДИРАН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

РЕПЛЕК АД Скопје

ПРИЛОГ 2 – КОНСОЛИДИРАНА ГОДИШНА СМЕТКА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2025

80 години

replek

За мое добро.


80 години
рецепт за добросостојба

СОДРЖИНА

ЗА РЕПЛЕК

- МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР – ДУШАН ПЕЦОВСКИ

01 **КОРПОРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ**

- ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА РЕПЛЕК АД
- ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
- НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА
- ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПЕЛК АД
- УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ
- АКЦИОНЕРИ И ДИВИДЕНДА
- КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ
- КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ ВО 2025 ГОДИНА

02 **ТРЕНДОВИ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА И СТРАТЕШКО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА РЕПЕЛК АД**

03 **МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖБА**

- ДОМАШЕН ПАЗАР: ЈАКНЕЊЕ НА ПОЗИЦИЈАТА И СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ПОРТФОЛИО
- МЕЃУНАРОДЕН ПАЗАР: ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА КОНТРОЛИРАН РАСТ

04 **ЕФИКАСНОСТ И ПЕРФОРМАНСИ: СТРЕМЕЖ КОН ОПЕРАТИВНА СОВРШЕНОСТ**

05 **КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ**

06 **ИНВЕСТИЦИИ**

07 **80 ГОДИНИ РЕПЛЕК – ЛУЃЕТО КАКО ОСНОВА НА НАШИОТ РАЗВОЈ**

08 **БЛАГОДАРНОСТ И ПРИЗНАНИЕ**

ЗА НАС

Реплек АД Скопје е интегрирана фармацевтска групација со повеќе од осум децении континуирано присуство и развој, која работи во областа на производство, дистрибуција и трговија со фармацевтски производи. Како акционерско друштво кое делува во високо регулирана индустрија, Реплек применува високи стандарди на корпоративно управување, транспарентност и регулаторна усогласеност.

Групацијата ја извршува својата дејност преку пет правни лица, и тоа:

- **Реплек АД Скопје**
- **Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје**
- **Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје**
- **Реплек ДОО Србија**
- **Реплек ДОО Босна и Херцеговина**

Со отворањето на нови претставништва во Република Србија и Република Босна и Херцеговина во 2025 година, Реплек направи значаен чекор во зајакнување на своето регионално присуство и директно пазарно позиционирање, со сопствени тимови и засилен фокус на промоција, продажба и развој на брендовите на локалните пазари.


Со присуство на повеќе од 25 меѓународни пазари и континуиран извозен раст, Реплек се позиционира како еден од водечките фармацевтски извозници од регионот. Компанијата вработува над 400 професионалци и континуирано инвестира во модернизација на производствените капацитети, унапредување на системите за квалитет и развој на сопствено портфолио, обезбедувајќи сигурност, квалитет и долгорочна конкурентност.

Во 2025 година, Реплек одбележа 80 години постоење, што претставува силна потврда за стабилноста, континуитетот и способноста на компанијата да се адаптира и да создава одржлива вредност во динамична деловна средина.

МИСИЈА, ВИЗИЈА И ВРЕДНОСТИ

Нашиот корпоративен идентитет е заснован на јасна мисија, визија и вредности кои го насочуваат начинот на кој работиме, донесуваме одлуки и градиме односи со сите засегнати страни.

МИСИЈА



Мисијата на Реплек АД е да обезбедува висококвалитетни фармацевтски производи и услуги кои придонесуваат за подобрување на здравјето и квалитетот на животот. Преку одговорно работење, професионален пристап и континуирани инвестиции, компанијата создава вредност за пациентите, клиентите, партнерите, вработените и акционерите.

ВИЗИЈА



Визијата на Реплек АД е да биде препознаена и почитувана фармацевтска компанија со силна регионална позиција и растечко меѓународно присуство, која постојано ги унапредува стандардите за квалитет, ефикасност и иновации, придонесувајќи кон одржлив развој и долгорочен раст.

ВРЕДНОСТИ



Вредностите на Реплек АД се основа на корпоративната култура и секојдневното работење:

- **Квалитет и одговорност** во сите аспекти на дејноста
- **Интегритет и транспарентност** во односите со сите засегнати страни
- **Професионалност и тимска работа**, како двигател на успехот
- **Континуиран развој и иновации**, во чекор со пазарните и општествените потреби
- **Одржливост**, преку одговорен однос кон заедницата, вработените и животната средина

ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР

ДУШАН ПЕЦОВСКИ



Почитувани акционери, партнери, колеги и соработници,

Пред вас е Годишниот извештај на Реплек АД – Скопје за 2025 година, година во која одбележавме 80 години од основањето на компанијата. Овој јубилеј е силна потврда за континуитетот, стабилноста и вредностите врз кои Реплек се гради и развива веќе осум децении.

Изминатата 2025 година беше година на резултати, но и на значајни стратешки чекори. Во услови на динамична и високо регулирана фармацевтска индустрија, Реплек продолжи да расте, да инвестира и да се прилагодува, со јасен фокус на квалитет, одговорност и долгорочна одржливост.

Бројките ја потврдуваат целисходноста на нашата стратегија. Остваривме раст на нето добивката од 36%, со едновремено значително подобрување на профитабилноста и раст на нето маржата на 14,7%. Овие резултати ја одразуваат подобрената оперативна ефикасност, дисциплинираното управување со трошоците и фокусот на сегменти со повисока додадена вредност.

Паралелно со финансиските резултати, Реплек во 2025 година продолжи со активен и континуиран инвестициски циклус, насочен кон модернизација на производствените капацитети, дигитализација и унапредување на технолошката инфраструктура. Овие инвестиции се спроведуваат со внимателно планирање и одржување на стабилна капитална структура, создавајќи цврста основа за понатамошен раст и реализација на планираните развојни проекти.

Во 2025 година, продолживме со проширување на портфолиото, развој на нови сегменти и зајакнување на меѓународното присуство. Отворањето на КА информативниот центар и ребрендирањето на производите од медицински канабис, како и понатамошниот раст на извозот, кој учествува со околу 75% од вкупните продажби, претставуваат важни чекори во реализацијата на нашата долгорочна стратегија.

Паралелно со деловните активности, останавме доследни на нашата определба за општествена одговорност, грижа за вработените и транспарентно корпоративно управување. Во 2025 година, Реплек АД ја доби наградата „Кристално ѕвоно“ за најтранспарентно котирано акционерско друштво на Македонската берза, доделена врз основа на избор на медиумите, што претставува особено значајна потврда за довербата и кредибилитетот што ги уживаме кај јавноста и инвеститорите.


Посебно место во развојот на Реплек имаат луѓето – како темел на нашата компанија и двигател на секој постигнат резултат. Во јубилејната година, продолживме системски да инвестираме во здравјето, добросостојбата, безбедноста и професионалниот развој на вработените, градејќи корпоративна култура заснована на доверба, заедништво и долгорочна посветеност. Веруваме дека одржливиот раст и стабилноста на Реплек започнуваат токму од луѓето кои секојдневно ја создаваат неговата вредност.

Јубилејот од 80 години не го доживуваме како крај на едно поглавје, туку како основа на новата 80+ фаза. Во периодот што следи, ќе продолжиме со јасна стратегија насочена кон одржлив раст, нови инвестиции, зајакнување на меѓународното присуство и континуиран развој на луѓето како клучна вредност на Реплек.

Ви благодариме за довербата, поддршката и заедничката визија. Уверени сме дека и во годините што следат ќе продолжиме заедно да ја градиме иднината на Реплек – стабилно, одговорно и со јасен поглед напред.

Со почит,

Душан Пецовски
Генерален Директор и Претседател на Управниот одбор
Реплек АД – Скопје



КОРПОРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ



ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА РЕПЛЕК АД

Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор на Реплек АД ја извршуваше својата функција во согласност со законските надлежности, Статутот на Друштвото и принципите на добро корпоративно управување, обезбедувајќи ефективен и континуиран надзор над работењето на Управниот одбор и вкупното работење на Друштвото.

Надзорниот одбор на Реплек АД е составен од следните членови:

Антонио Георгиевски,
Претседател на Надзорен одбор Дипл. Економист Основач и Управител на ДТУ АГ Ситко Скопје

Петар Андреевски,
Член на Надзорен одбор Дипл. Електро иженер Извршен директор и Ко-основач на Друштво за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје

Наум Јанакиев,
Член на Надзорен одбор ВСС Бизнис менаџмент и комуникација

Томислав Крстевски,
Член на Надзорен одбор

Јана Јужина,
Независен член на Надзорен одбор

Секој член на одборот има значајно професионално искуство и експертиза во областа на финансии, управување и корпоративна контрола.


Надзорниот одбор беше активно вклучен во надзорот на финансиските перформанси, усогласеноста со регулаторната рамка, управувањето со ризиците и имплементацијата на стратешките приоритети, особено имајќи ја предвид зголемената комплексност на работењето поради проширувањето на Групацијата и отворањето на нови претставништва во Република Србија и Република Босна и Херцеговина.

Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор одржуваше редовни квартални состаноци, на кои беа разгледувани периодичните финансиски извештаи, извештаите од Внатрешната ревизија, како и прашања поврзани со инвестициите, деловната политика и клучните финансиски и оперативни ризици.

При разгледување на остварените резултати за 2025 година, Надзорниот одбор констатираше дека Друштвото остварило раст на приходите од околу во однос на 2024 година, при што истовремено е остварена профитна маргина повисока од очекуваното. Овие резултати укажуваат на подобрена оперативна ефикасност, дисциплинирано управување со трошоците и фокус на профитабилни сегменти од портфолиото.

> **Надзорниот одбор ја извршуваше својата функција во согласност со законските надлежности и принципите на добро корпоративно управување.“**

Надзорниот одбор ја оцени работата на Управниот одбор како одговорна и професионална во услови на динамични пазарни околности и зголемени надворешни предизвици, при што беа преземени соодветни мерки за одржување на финансиската стабилност и зајакнување на пазарното позиционирање на Друштвото.



Фокус за 2026 година:

Во 2026 година, Надзорниот одбор ќе продолжи да ја зајакнува контролата и надзорот врз работењето на Друштвото, со посебен акцент на унапредување на процесите за управување со ризици, транспарентноста во корпоративното управување и ефикасноста на стратешките инвестиции. Дополнително, одборот ќе се фокусира на поддршка на иницијативите за дигитализација и иновации, вклучително и одговорна и контролирана примена на решенија базирани на вештачка интелигенција за подобрување на аналитичките капацитети, донесувањето одлуки и оперативната ефикасност, како и на обезбедување континуирана вредност за акционерите преку одржлив и профитабилен раст.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА


Во текот на 2025 година, интерната Внатрешна ревизија на Реплек АД функционираше како независна организациска единица во рамките на Друштвото, со цел да обезбеди разумна сигурност за ефикасноста на внатрешните контроли, управувањето со ризиците и усогласеноста на работењето со важечката законска и регулаторна рамка.

Внатрешната ревизија работеше согласно усвоениот годишен план за ревизија, изготвен врз основа на пристап базиран на ризик и одобрен од Надзорниот одбор. Во рамките на овој план беа спроведени ревизии и контроли насочени кон клучните деловни процеси, усогласеноста со интерните акти и регулативите, како и управувањето со оперативните и финансиските ризици.

Резултатите од извршените ревизии и дадените препораки беа редовно презентирани пред Управниот и Надзорниот одбор, при што се следеше и имплементацијата на предложените корективни мерки. Внатрешната ревизија оствари конструктивна и професионална соработка со органите на управување, придонесувајќи кон унапредување на контролната средина и деловните процеси во Друштвото.

Врз основа на извршените активности, интерната Внатрешна ревизија оцени дека системите на внатрешна контрола и управување со ризици во Реплек АД се соодветно воспоставени и функционални, при што идентификуваните слабости не претставуваат материјален ризик за финансиската стабилност и континуитетот на работењето на Друштвото.

Фокус за 2026 година:



Во 2026 година, интерната Внатрешна ревизија ќе го зајакне пристапот базиран на ризик, со посебен акцент на контролите поврзани со работењето на Групацијата, ИТ и дигиталните процеси, како и усогласеноста со регулаторните барања. Дополнително, ќе продолжи следењето на имплементацијата на препораките со цел понатамошно унапредување на корпоративното управување и оперативната ефикасност.

НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

Финансиските извештаи на Реплек АД за годината што завршува на 31 декември 2025 година беа предмет на надворешна ревизија извршена од независното ревизорско друштво Мазарс Ревизија ДОО Скопје, избрано од страна на Собранието на акционери, во согласност со важечките законски прописи.

Надворешната ревизија беше спроведена согласно Меѓународните стандарди за ревизија и релевантната регулаторна рамка, при што ревизорското друштво ја потврди својата независност од Друштвото во текот на целиот ревизорски процес.

Опфатот на ревизијата вклучуваше проверка на финансиските извештаи, оценка на применетите сметководствени политики, како и разгледување на соодветноста на системите на внатрешна контрола релевантни за финансиското известување.

> **Надворешниот ревизор издаде ревизорско мислење без резерва, потврдувајќи дека финансиските извештаи на Реплек АД објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Друштвото.**


Во текот на ревизорскиот процес, надворешниот ревизор оствари редовна и транспарентна комуникација со Управниот и Надзорниот одбор, при што беа разгледани значајните прашања поврзани со финансиското известување и идентификуваните ризици.

Врз основа на спроведената ревизија, надворешниот ревизор издаде ревизорско мислење без резерва, со кое потврдува дека финансиските извештаи на Реплек АД вистинито и објективно ја прикажуваат финансиската состојба, резултатите од работењето и паричните текови на Друштвото, во согласност со применливите сметководствени стандарди.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПЛЕК АД

Во текот на 2025 година, Управниот одбор на Реплек АД го водеше работењето на Друштвото во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Друштвото и применливата регулаторна рамка, постапувајќи согласно усвоените стратешки насоки, годишниот деловен план и принципите на одговорно и ефикасно корпоративно управување, во услови на динамични пазарни околности и зголемена комплексност на работењето.

Фокусот на Управниот одбор во текот на годината беше насочен кон одржување на оперативната стабилност, подобрување на ефикасноста и зачувување на профитабилноста, при истовремено спроведување на клучни активности поврзани со регионалната експанзија на Групацијата. Во 2025 година беа отворени нови претставништва во Република Србија и Република Босна и Херцеговина, со што Реплек дополнително го зајакна своето директно присуство на регионалните пазари и постави основа за понатамошен раст.



Управниот одбор активно ги следеше пазарните движења и влијанието на надворешните фактори врз работењето, при што беа преземени мерки за оптимизација на трошоците, подобрување на структурата на портфолиото и фокус на попрофитабилни сегменти. Како резултат на овие активности, во 2025 година Друштвото оствари раст на приходите од околу 7% во однос на 2024 година, при истовремено подобрување на профитната маргина и пораст на истата од 11,5% на 14,7% односно за 3,2 п.п во однос на 2024 година.

Посебно внимание беше посветено на управувањето со ликвидноста, инвестициите и финансиската дисциплина, како и на унапредувањето на интерните процеси и системите за контрола. Управниот одбор континуирано соработуваше со Надзорниот одбор, обезбедувајќи навремено и транспарентно информирање за клучните аспекти од работењето и донесените управувачки одлуки.

Управниот одбор оценува дека резултатите остварени во 2025 година ја одразуваат способноста на Друштвото да се прилагоди на променливите пазарни услови, да ја зачува финансиската стабилност и да создава одржлива основа за понатамошен развој и раст во наредниот период.

Во наредниот период, Управниот одбор ќе остане фокусиран на понатамошно зајакнување на оперативната ефикасност, подобрување на пазарното позиционирање и целосна интеграција на новоотворените претставништва во регионот. Активностите ќе бидат насочени кон одржлив раст, унапредување на профитабилноста и зачувување на финансиската стабилност, во согласност со долгорочните интереси на Друштвото и неговите акционери.



Управен одбор и извршно раководство

Раководењето со Реплек АД е организирано преку Управниот одбор и извршното раководство, кои заеднички обезбедуваат ефикасно управување, имплементација на стратешките цели и стабилно секојдневно работење на Друштвото, во согласност со законската и регулаторната рамка.

Нашиот тим

Управниот одбор е надлежен за водење на работењето на Друштвото и донесување на клучните управувачки одлуки, во согласност со Статутот и применливите прописи.

Извршното раководство ги опфаќа носителите на клучни управувачки и оперативни функции кои не се членови на Управниот одбор, но активно учествуваат во оперативното и стратешкото управување на Друштвото.



Душан Пецовски
Генерален Директор и
Претседател на Управниот одбор



Коста Котески
Заменик генерален Директор,
Директор на маркетинг и продажба и
член на Управен одбор



Марјан Велковски
Оперативен Директор и
член на Управен одбор



Панче Гелевски
Член на Управен одбор



Татјана Голиќ
Директор на сектор
Снабдување

Марија Талеска Велковски
Директор на сектор
Бизнис развој





Тања Иванова Ѓорѓиевска
Директор на сектор
Луѓе

Офелија Петковиќ
Директор на сектор
Финансии



УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Работењето на Реплек АД Скопје е изложено на различни видови ризици кои произлегуваат од природата на дејноста, пазарните услови и регулаторната средина во која оперира Друштвото. Управувањето со ризиците претставува составен дел од системот на корпоративно управување и е насочено кон навремено идентификување, проценка и управување со потенцијалните изложености кои би можеле да имаат влијание врз работењето и финансиските резултати.

Во текот на 2025 година, Реплек АД применуваше структуриран и систематизиран пристап кон управување со ризиците, при што Управниот и Надзорниот одбор имаа активна улога во следењето на клучните ризици и во разгледувањето на преземените превентивни и корективни мерки. Ризиците беа предмет на редовно разгледување, со цел навремено прилагодување на деловните активности и зачувување на финансиската стабилност на Друштвото, особено во услови на зголемена комплексност на работењето поради регионалното проширување.



Пазарен ризик

Пазарниот ризик произлегува од промените во побарувачката, конкурентската средина, ценовните притисоци и општите пазарни услови на домашниот и странските пазари. Во текот на 2025 година, Друштвото беше изложено на умерени пазарни флуктуации, како резултат на динамични регионални услови и засилена конкуренција.


Со цел ублажување на овој ризик, Реплек АД континуирано го следеше развојот на пазарите и презеде активности за прилагодување на пазарната стратегија, вклучително и оптимизација на производното и продажното портфолио, како и зајакнување на директното пазарно присуство преку новоотворените претставништва во Република Србија и Република Босна и Херцеговина.



Кредитен ризик

Кредитниот ризик се однесува на можноста од неисполнување на договорните обврски од страна на купувачите. Друштвото управува со овој ризик преку јасно дефинирани политики за одобрување на кредити, поставување лимити по купувачи и редовно следење на состојбата на побарувањата.


Во текот на 2025 година, беа применувани засилени механизми за мониторинг и навремено преземање мерки за наплата, што придонесе за одржување на стабилна ликвидносна позиција и контролиран кредитен ризик.



Ликвидносен ризик

Ликвидносниот ризик претставува ризик од недоволни парични средства за навремено исполнување на обврските. Реплек АД управува со овој ризик преку редовно планирање и следење на паричните текови, одржување соодветно ниво на ликвидни средства и користење на расположливи кредитни линии.

Во текот на 2025 година, Друштвото редовно ги сервисираше сите доспеани обврски и одржуваше стабилна ликвидност, што овозможи непречено извршување на деловните активности.



Оперативен ризик

Оперативниот ризик произлегува од можни недостатоци во интерните процеси, човечкиот фактор, информациските системи или надворешни настани. Во фармацевтската индустрија, овој ризик е од особено значење поради строгите регулаторни и квалитативни барања.

Во текот на 2025 година, Реплек АД применуваше воспоставени процедури за контрола на квалитет, усогласеност со GMP стандардите и континуитет на производството. Не беа евидентирани значајни оперативни нарушувања кои би имале материјално влијание врз работењето на Друштвото.



Регулаторен ризик

Регулаторниот ризик произлегува од можни промени во законската и подзаконската регулатива поврзана со фармацевтската дејност. Друштвото континуирано ги следи релевантните регулаторни измени и навремено ги усогласува своите интерни политики, процедури и практики со важечките прописи на домашните и странските пазари.

ЗАКЛУЧОК

Управувањето со ризиците во Реплек АД во 2025 година беше насочено кон проактивно препознавање, следење и контрола на клучните ризици, со цел обезбедување стабилно работење, зачувување на профитабилноста и поддршка на долгорочниот развој на Друштвото.

Управниот и Надзорниот одбор ќе продолжат активно да го следат ризичниот профил на Друштвото и да ги унапредуваат системите за управување со ризици, во согласност со очекувањата на инвеститорите и пошироката јавност.

АКЦИОНЕРИ И ДИВИДЕНДА

Реплек АД Скопје продолжува да обезбедува еднаков и транспарентен третман на сите акционери, во согласност со законската и регулаторната рамка, Статутот на Друштвото и принципите на добро корпоративно управување. Друштвото редовно и навремено ја информира инвеститорската јавност за значајните настани и одлуки преку Македонската берза и други соодветни канали за комуникација.

Акционерскиот капитал на Реплек АД се состои исклучиво од обични акции, кои носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на глас на Собранието на акционери. Со состојба на 31 декември 2025 година, Друштвото има издадено 259.200 обични акции, сите целосно уплатени. По извршениот сплит на акциите 1:10 во јули 2024 година, податоците се конзистентни за споредливост со претходната година.


Во продолжение се клучните статистики за акциите и пазарните цени,

Индикатор	2024	2025
Број на издадени обични акции	259.200	259.200
Вкупно акции	259.200	259.200
Сопствени акции	21.110 (8,14%)	21.110 (8,14%)
Минимална цена по акција (МКД)	12.875	14.800
Максимална цена по акција (МКД)	16.399	16.750
Просечна цена по акција (МКД)	16.031	15.779
Нето добивка за годината ('000 МКД)	224.195	305.113
Основна заработувачка по акција (МКД)	942	1.282

како и дивидендата:

	2021	2022	2023	2024	2025
Бруто дивиденда по акција (МКД)	0	200	300	400	Одлука од Собрание на акционери

Дивиденда



Друштвото останува посветено на конзистентна и предвидлива дивидендна политика, која обезбедува рамнотежа помеѓу инвестициите во развој, финансиската стабилност и директната вредност за акционерите. Исплатата на дивиденда за 2024 година е во согласност со оваа политика, а истиот пристап се очекува да се одржува и во иднина.

Очекување за 2026 година



Во 2026 година, Реплек АД ќе продолжи да го следи истиот пристап кон дивидендната политика, со нагласок на одржлив раст, стабилни финансиски резултати и создавање долгорочна вредност за акционерите, при што ќе се води сметка за потребите за инвестиции и развој на нови бизниси.

КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Реплек АД Скопје го применува Кодексот на корпоративно управување, усогласен со важечката законска и регулаторна рамка и принципите на добро корпоративно управување. Кодексот претставува основа за транспарентно, одговорно и етичко работење на Друштвото и ја уредува распределбата на надлежностите, одговорностите и односите помеѓу органите на управување, акционерите и другите засегнати страни.

Во текот на 2025 година, органите на управување и раководството на Друштвото постапуваа во согласност со одредбите на Кодексот, при што посебно внимание беше посветено на транспарентноста во донесувањето одлуки, заштитата на правата на акционерите и навременото и целосно информирање на јавноста.

Примената на Кодексот придонесе кон унапредување на корпоративната култура, зајакнување на довербата на инвеститорите и обезбедување стабилна рамка за одговорно управување, особено во услови на зголемена комплексност на работењето и регионално проширување на активностите на Друштвото.

> **Реплек АД ќе продолжи да го унапредува системот на корпоративно управување и да ја следи примената на Кодексот, со цел усогласување со најдобрите практики и создавање долгорочна вредност за акционерите и другите засегнати страни.**

КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ ВО 2025 ГОДИНА

2025 година за Реплек беше година со посебно значење, обележана со 80 години од основањето на компанијата. Овој јубилеј го дефинираше целиот пристап кон корпоративните комуникации, со фокус на стабилност, доверба, општествена одговорност и јасна визија за иднината.

Стратешка комуникација

Комуникациските активности беа внимателно усогласени со стратешките цели на компанијата, со акцент на:

- Поддршка на клучни бизнис иницијативи и инвестициски активности
- Јакнење на односите со вработените, партнерите, институциите и пошироката јавност

Јубилејот претставуваше поттик за насочување кон иднината, а преку транспарентна и доследна комуникација, Реплек ја зацврсти својата позиција како современа и интернационално ориентирана фармацевтска компанија, посветена на континуиран раст, иновации и дигитална трансформација.



Корпоративна општествена одговорност

Клучен комуникациски столб во 2025 година беше CSR активностите, со јасна порака дека инвестициите во заедницата се инвестиции во иднината.




Во декември, Реплек реализираше донација од 1.000.000 денари за Фармацевтскиот факултет, поддржувајќи едукација и развој на фармацевтската професија.

1.000.000 ден.
донација за Фармацевтскиот факултет

Интерна донаторска акција „80 пакети за 80 години Реплек“ обезбеди поддршка за ранливи категории во заедницата.

80 пакети за 80 години
интерна донаторска акција





Во рамки на PEсет платформата за добросостојба, Реплек реализираше јавни настани за промоција на здрави животни навики и физичка активност, а паралелно поддржа и иницијативи за заедницата, како Gentleman’s Ride и други локални настани посветени на унапредување на здравјето и активниот начин на живот.

Интерна комуникација

Интерната комуникација беше насочена кон јакнење на корпоративната култура и ангажираност на вработените, особено во контекст на јубилејната година.

- Реализирани беа активности преку платформата РЕсет за добросостојба: физичка активност, едукативни работилници и кампањи за здравје.
- Месечниот интерен весник РЕпортер информираше за новости, јубилејни активности и интервјуа со вработени, зајакнувајќи чувство на припадност.

Настани и јавни настапи

- Во декември, се одржа централен јубилеен настан за партнери и соработници во просториите на компанијата.
- Во ноември, беше отворен информативен центар за производи на база на медицински канабис, прв од ваков тип во регионот.
- Организиран е настанот „80 километри за 80 години Реплек“, со цел промоција на активен и здрав живот.



Меѓународни настани



- Реплек учествуваше на CPHI Frankfurt, еден од најзначајните меѓународни саеми во фармацевтската индустрија, со најголема посетеност досега и интерес од потенцијални партнери.
- Презентирани беа усогласености со EU-GMP стандарди и значајни инвестициски активности, отворајќи нови можности за меѓународна соработка.

Поддршка на инвестиции и бизнис развој

- Во јули 2025, инвестиција од над 2 милиони евра во нов современ производствен блок.
- Новата технолошка линија користи вештачка интелигенција за контрола на квалитет во реално време, унапредувајќи оперативна ефикасност и усогласеност со фармацевтските стандарди.
- Набавена е и нова вертикална картонета, како резултат на иницијатива од вработените.



Медиумска и дигитална комуникација

- Одржана е активна и навремена комуникација со медиумите, вклучувајќи брифинзи за јавноста и транспарентни информации за активности и проекти.
- Реплек АД доби награда „Кристално ѕвоно“ за најтранспарентно котирано акционерско друштво, по избор на медиумите.
- Дигиталните и социјалните канали беа користени за промоција на корпоративни теми, општествена одговорност, меѓународни активности и претставување на тимовите.



ЗАКЛУЧОК

Во 2025 година, преку одговорна, транспарентна и општествено насочена комуникација, Реплек ја зајакна довербата кај сите засегнати страни и постави цврста основа за понатамошен одржлив раст и развој.


ТРЕНДОВИ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА И СТРАТЕШКО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА РЕПЛЕК АД



Глобален пазар на генерички фармацевтски производи

Големината на глобалниот пазарот на генерички фармацевтски производи бележи континуиран и значителен раст во последните години.

Пазарната вредност на овој сегмент се зголемила од 457,04 милијарди американски долари во 2024 година на 492,16 милијарди долари во 2025 година, со просечна годишна стапка на раст (CAGR) од 7,7%. Растот во историскиот период е резултат на повеќе меѓусебно поврзани фактори, вклучувајќи ја зголемената свесност за здравјето и порастот на здравствените трошоци, истекувањето на патентите за голем број лекови, зголемената распространетост на хронични заболувања, промените во животниот стил, зголемениот број хируршки интервенции, силниот економски раст во земјите во развој, проширеното осигурително покритие, забрзаниот раст на геријатриската популација, како и зголемениот број на регулаторни одобренија за лекови.




Се очекува пазарот на генерички фармацевтски производи да продолжи со динамичен раст и во наредниот период. Проекциите укажуваат дека до 2029 година пазарната вредност ќе достигне 666,48 милијарди американски долари, со просечна годишна стапка на раст од 7,9%.

Растот во прогнозираниот период се припишува на примената на нови методи за откривање лекови, засилената поддршка од регулаторните тела, на зголемената инциденца на хронични заболувања, иновациите во системите за испорака и следење на терапијата, континуираниот пораст на здравствените трошоци, како и истекувањето на патентите на клучни брендирани

(оригинаторски) лекови. Меѓу доминантните трендови во овој период се издвојуваат зголемената употреба на 3D-печатење и интеграцијата на вештачка интелигенција во фармацевтските процеси, примената на биомаркери во развојот на лекови, зголемените меѓу институционални соработки за поттикнување иновации, комбинираната терапија со лекови, модификацијата на постоечки антиепилептични лекови, како и порастот на генеричките лекови за респираторни и метаболни заболувања.


Зголемената распространетост на хроничните заболувања претставува еден од клучните двигатели на пазарот на генерички фармацевтски производи. Со континуираниот пораст на бројот на лица со хронични состојби, се зголемува и побарувачката за долготрајна фармакотерапија. Брендираните лекови вообичаено се поврзани со високи трошоци, додека генеричките лекови го нудат истиот хемиски состав, безбедност и ефикасност по значително пониска цена. Ова ги позиционира генеричките лекови како преферирани избор за пациентите и здравствените системи, особено во контекст на хроничните заболувања. Според проценките на Светската здравствена организација, се очекува зголемување од 17% на смртноста поврзана со хронични заболувања во наредната деценија.

Онколошкиот сегмент се издвојува како сегмент со најбрза стапка на раст, со очекуван CAGR од 6,6% во текот на прогнозираниот период. Малигните заболувања претставуваат една од водечките причини за смртност на глобално ниво, а побарувачката за ефикасни и достапни терапии континуирано расте. Онколошките лекови се клучни за третман на различни видови карцином, вклучувајќи рак на дојка, рак на бели дробови, рак на простата, леукемија и лимфом, поради што овој сегмент зазема значителен удел во вкупниот фармацевтски пазар.




Клучни трендови во 2025 година

Историскиот патентен пад и новите можности



Периодот меѓу 2025 и 2030 година е обележан со т.н. „историски патентен пад“, при што брендирани лекови со годишна продажба од 217 до 236 милијарди американски долари ќе ја изгубат пазарната ексклузивност. Овој процес претставува најголем патентен пад во историјата на фармацевтската индустрија и отвора значајни можности за развој и пласирање на генерички и биослични лекови. До крајот на јуни 2025 година беа одобрени 44 т.н. „први генерици“, со дополнителни одобренија и тековни регулаторни постапки во втората половина од годината.

Вештачка интелигенција и дигитална трансформација




Регулаторните тела, вклучувајќи ја и Американската агенција за храна и лекови (FDA) како и Европската Агенција за Лекови (EMA), издадоа насоки за примена на вештачка интелигенција во развојот и производството на лекови, со што значително се забрзува процесот на одобрување на скратените апликации за нови лекови. Генеричките фармацевтски компании сè поинтензивно користат вештачка интелигенција и роботизирани системи за автоматизација на процесите, подобрување на контролата на квалитетот, усогласеност со регулаторните барања и скратување на времето за пласирање на нови производи. Дополнително, дигиталните платформи и онлајн аптеките продолжуваат да ги менуваат традиционалните дистрибутивни канали, зголемувајќи ја транспарентноста на цените и трансформирајќи ја интеракцијата со пациентите и плаќачите.

Зелено и одржливо производство



Еколошката одговорност станува стратешки приоритет во фармацевтската индустрија. Светската здравствена организација иницираше програми за промоција на „позелени фармацевтски производи“, а регулаторните тела сè почесто го земаат предвид влијанието врз животната средина во процесот на одобрување на лекови. Производителите на генерички лекови сè повеќе применуваат принципи на зелена хемија со цел намалување на отпадот, потрошувачката на енергија и производствените трошоци, што придонесува за одржување на профитабилноста кај производи со ниски маржи.

Производствени и снабдувачки предизвици




И покрај напредокот, недостигот на лекови останува значаен предизвик за индустријата. Пазарот на генерички лекови се карактеризира со висока конкуренција, при што интензивната ценовна конкуренција доведува до ниски продажни цени и ограничени профитни маржи, што во одредени случаи резултира со економска неисплатливост за производство на поединечни генерички лекови.


Перспектива по 2025 година

Се очекува пазарот на генерички и биослични лекови да продолжи со стабилен раст, при што нивната улога во глобалните здравствени системи ќе станува сè поизразена. Како што сè поголем број „блокбастер“ лекови ја губат пазарната ексклузивност, здравствените системи ќе се насочуваат кон подостапни, одржливи и економски ефикасни терапевтски решенија. Идниот фокус ќе биде насочен кон развој на посложени генерички лекови (како инхалатори и трансдермални фластери), биослични лекови од нова генерација, унапредување на производствената ефикасност и креирање политики за стабилни и сигурни синџири на снабдување.

Клучни податоци за биослични лекови



9,2 милијарди
денови на третман на пациенти
со биослични лекови одобрени во ЕУ од 2011 година



Бројот на денови на третман
со анти-TNF лекови
е двојно зголемен
во периодот 2013–2023



Заштеди од 75 милијарди евра како резултат на конкуренцијата од биослични лекови од 2007 година, од кои **13 милијарди евра** само во 2024 година



Растечка можност за пациентите со над **110 нови биолошки лекови** кои ќе влезат во биослична конкуренција до 2032 година



Значајна можност за европскиот здравствен буџет: пазар од **53,5 милијарди евра** **ќе се отвори за конкуренција** до 2032 година



До 2030 година, **првите клеточни и генски терапии** ќе се отворат за биослична конкуренција



Биослични кандидати се во развој за **1/3 од биолошките лекови** кои ќе ја изгубат ексклузивноста до 2032 година



Биосличните лекови сочинуваат **5%** од **вкупната фармацевтска потрошувачка** во Европа (приближно 12,6 милијарди евра)

https://www.medicinesforeurope.com/docs/infographic-biosimilars.pdf

Еволуција на портфолиото на Реплек – транзиција кон повисока додадена вредност

Во услови на засилена ценовна конкуренција и структурен притисок врз традиционалните генерички пазари, Реплек спроведува стратешка еволуција на своето портфолио со цел долгорочно зајакнување на профитабилноста, одржливоста и конкурентската позиција на компанијата.

Глобалните трендови во генеричката фармацевтска индустрија јасно укажуваат дека идниот раст и профитабилност ќе се концентрираат во сегментите на:

- комплексни генерички лекови и биослични лекови (специфични дозни форми, комбинации и технолошки сложени производи),
- терапии со повисоки регулаторни бариери,
- пазарни сегменти со ограничен број конкуренти,
- лекови без рецепт и додатоци во исхраната, како одговор на растечката потреба за превенција и одржување на благосостојбата на потрошувачите.

Во таа насока, Реплек ја прилагодува својата развојна и инвестициона стратегија кон портфолио кое овозможува повисоки маржи, поголема отпорност на ценовна ерозија и подолгорочна пазарна релевантност, особено во сегментите со ограничена конкуренција и незадоволени медицински потреби.

Улогата на носечкото генеричко портфолио

Паралелно со развојот на сегментите со повисока додадена вредност, Реплек продолжува да го одржува и оптимизира своето носечко генеричко портфолио, кое има клучна улога во обезбедување стабилен и предвидлив паричен тек, финансирање на развојните и инвестиционите активности, како и одржување силни пазарни позиции во традиционалните сегменти.

ЗАКЛУЧОК

ПОРТФОЛИО ПОДГОТВЕНО ЗА ИДНИНАТА

Еволуцијата на портфолиото на Реплек претставува контролирана и фазна трансформација која ја зајакнува конкурентската позиција на компанијата во услови на динамичен и сè покомплексен фармацевтски пазар. Комбинацијата од стабилно носечко генеричко портфолио и растечки удел на производи со повисоки маржи и комплексни генерици создава одржлива основа за долгорочен раст, подобрена профитабилност и зголемена стратешка релевантност на Реплек на домашниот и меѓународните пазари.

Референци:

1. The Global Generic Drug Market: Trends, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.drugpatentwatch.com/blog/the-global-generic-drug-market-trends-opportunities-and-challenges/

2. Generic Drugs Market Size to Hit USD 728.64 Billion by 2034, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.precedenceresearch.com/generic-drugs-market

3. Generic Pharmaceuticals Market Size & Share Report, 2030, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.grandviewresearch.com/industry-analysis/generic-pharmaceuticals-market-report

4. Generic Drugs Market Size to Hit USD 775.61 Billion by 2033 – BioSpace, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.biospace.com/press-releases/generic-drugs-market-size-to-hit-usd-775-61-billion-by-2033

5. Generic Drugs Market Size, Share And Trends Report, 2033 – Nova One Advisor, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.novaoneadvisor.com/report/generic-drugs-market

6. Navigating Global Pharma: The Rise of Generic Drugs – BCC Research Blog, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://blog.bccresearch.com/navigating-global-pharma-the-rise-of-generic-drugs

7. Generic Drugs Market Size, Research, Trends and Forecast – Towards Healthcare Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.towardshealthcare.com/insights/generic-drugs-market

8. Global Generic Drugs Market Size and Industry Growth Analysis – BCC Research, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.bccresearch.com/market-research/pharmaceuticals/generic-drugs-markets-report.html

9. Generic Drugs Market Size, Share, Industry Trends & Research …, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.mordorintelligence.com/industry-reports/generic-drugs-market

10. Global Generic Drug Market – Industry Trends and Forecast to 2030, Opportunities пристапено 25.01.2026, https://www.databridgemarketresearch.com/reports/global-generic-drug-market

11. Generic Drugs Market 2024-2035: Trends, Innovations, and Future …, Opportunities, https://www.pharmiweb.com/press-release/2025-02-12/generic-drugs-market-2024-2035-trends-innovations-and-future-growth

12. Generic drug market growth: insights to 2030 – European Pharmaceutical Review, пристапено 26.01.2026, https://www.europeanpharmaceuticalreview.com/article/166397/generic-drug-market-growth-insights-to-2030/

13. The Future of Generic Pharmaceuticals: Innovations and Trends – WPRX, пристапено 26.01.2026, https://www.wprx.com/news/the-future-of-generic-pharmaceuticals

14. The Generic Drug Approval Process – FDA, пристапено 26.01.2026, https://www.fda.gov/drugs/cder-conversations/generic-drug-approval-process

15. Artificial Intelligence in Pharmaceutical Technology and Drug Delivery Design – PMC, пристапено 26.01.2026, https://pmc.ncbi.nlm.nih.gov/articles/PMC10385763/


16. Harnessing Artificial Intelligence in Generic Formulation Development and Life Cycle Management – A Comprehensive Review пристапено 26.01.2026, https://healthinformaticsjournal.al-makkipublisher.com/index.php/hij/article/view/45

17. The Future of Generic Drugs – Number Analytics, пристапено 26.01.2026, https://www.numberanalytics.com/blog/future-generic-drugs-development

18. AI Transformation of Business Development in the Generics Industry – vamstar, accessed пристапено 26.01.2026, https://vamstar.io/newsroom/industry-reports/ai-transformation-of-business-development-in-the-generics-industry/

19. Artificial Intelligence for Drug Development – FDA, пристапено 26.01.2026, https://www.fda.gov/about-fda/center-drug-evaluation-and-research-cder/artificial-intelligence-drug-development

ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ



ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ

Во 2025 година, продажните и маркетинг активностите на Реплек АД беа реализирани во рамки на јасно дефинирана корпоративна стратегија, насочена кон одржлив раст, диверзификација на приходите и зајакнување на долгорочната пазарна позиција на Друштвото. Активностите беа спроведувани во услови на зголемена регулаторна сложеност, ценовни притисоци и интензивна конкуренција, што наметна потреба од дисциплиниран, селективен и аналитички пристап. Фокусот беше ставен на оптимално искористување на постојното портфолио, внимателно воведување на нови производи и инвестирање во пазари и канали со јасен потенцијал за раст, при што продажбата и маркетингот имаа значајна улога во поддршка на финансиската стабилност и профитабилноста на компанијата.

Домашен пазар: јакнење на позицијата и стратешки инвестиции во портфолиото



Домашниот пазар и понатаму претставува клучен сегмент во вкупното работење на Реплек АД, со удел од 25% од вкупните продажби. Во 2025 година, активностите беа насочени кон зајакнување на водечките брендови, подобрување на нивното позиционирање и поефикасно управување со портфолиото, во согласност со долгорочните стратешки цели на Друштвото.

Во текот на годината, портфолиото на Реплек беше проширено со 9 нови производи, што претставува значаен исчекор во контекст на диверзификација и одговор на идентификувани медицински потреби. Новите лансирања беа реализирани со внимателно избран пазарен тајминг и јасна комерцијална логика, со цел постепено градење на пазарен удел и долгорочна одржливост.

Посебно внимание беше посветено на развојот на канабис портфолиото (КА), како сегмент со потенцијал за иден раст. Во таа насока, во 2025 година беше реализирано целосно ребрендирање на КА линијата, со цел појасно позиционирање, подобра препознатливост и усогласување со современите пазарни и регулаторни очекувања.

Како дополнителна поддршка на ова портфолио, беше отворен КА Информативен центар – стратешка инвестиција насочена кон едукација, транспарентна комуникација и долгорочно градење доверба со здравствените професионалци и крајните корисници.



Меѓународни пазари и извоз: диверзификација и контролиран раст

Во 2025 година, извозот претставуваше околу 75% од вкупните продажби на Реплек АД, со фокус на пазари со јасен регулаторен и комерцијален потенцијал. Активностите беа насочени кон оптимизација на извозното портфолио, зајакнување на односите со постојните партнери и воспоставување нови соработки, во согласност со долгорочната стратегија за диверзификација на приходите.

Извозното портфолио е дополнително диверзифицирано, при што најголем удел имаат пазарите на CIS (46%), MENA (23%) и SEE (17%), додека присуството во EU, SEA, Србија и Босна и Херцеговина овозможува понатамошно проширување на регионалното покривање.

Значаен исчекор беше остварен преку воспоставување ново партнерство во Либија, што отвора можности за понатамошно проширување на присуството на Реплек на пазарите во Северна Африка и Блискиот Исток. Дополнително, започна работата на претставништва во Република Србија и Република Босна и Херцеговина, овозможувајќи поголема оперативна контрола и поефикасна имплементација на продажните и маркетинг активности.

Портфолио развој и фокус на производи кои даваат вредност

Во текот на 2025 година, Реплек АД оствари годишен раст од 7%, со посебен фокус на производите кои носат најголема вредност за компанијата и пациентите. Стратешките чекори вклучуваа лансирање на нови производи, развој на КА линијата и поддршка на иновации и регулаторна усогласеност, со цел постепено зајакнување на конкурентноста и профитабилноста на портфолиото.


Целосното ребрендирање и успешната регистрација на Rekonazol шампонот на пазарот во Обединетото Кралство – како прв македонски производ регистриран таму – претставува важна потврда за капацитетот на Друштвото да пласира конкурентни производи на напредни европски пазари.

Во сегментот на медицински канабис, во текот на 2025 година беше реализиран првиот извоз, создавајќи основа за понатамошна комерцијализација и проширување на ова портфолио на меѓународните пазари.

Деловен развој и меѓународна видливост

Покрај учеството на Реплек АД на водечкиот меѓународен фармацевтски настан CPHI Frankfurt во текот на 2025 година, компанијата беше присутна и на CPHI Americas, Евроазискиот фармацевтски самит во Ташкент и Raucon EuroPLX во Виена и Лисабон. Овие активности претставуваат значајна стратешка инвестиција во деловниот развој на Реплек АД, овозможувајќи воспоставување нови партнерства, следење на глобалните трендови во фармацевтската индустрија и идентификување можности за идно проширување на портфолиото и географското присуство на компанијата.

Поглед кон 2026 година



Во 2026 година, Реплек АД ќе се фокусира на капитализирање на инвестициите и стратешките чекори преземени во 2025 година. Акцентот ќе биде ставен на понатамошно зајакнување на новоотворените пазари и претставништва, проширување на портфолиото со селективни нови производи и дополнителен развој на сегментите со највисок потенцијал за раст.

Продажните и маркетинг активностите ќе продолжат да се спроведуваат со внимателно управување со ризиците, задржување на профитабилноста и создавање долгорочна вредност за акционерите, во согласност со принципите на добро корпоративно управување и стратешките приоритети на Друштвото.

ЕФИКАСНОСТ И ПЕРФОРМАНСИ

СТРЕМЕЖ КОН ОПЕРАТИВНА СОВРШЕНОСТ



Оперативна стабилност и поддршка на финансиските резултати

Во 2025 година, оперативните функции на Реплек работеа во услови на зголемена комплексност, карактеризирани со паралелна реализација на значајни капитални инвестиции, проширување на производствени капацитети, повеќекратни регулаторни инспекции и интензивна дигитална трансформација.

И покрај ваквите околности, операциите обезбедија континуитет, стабилност и целосна усогласеност со принципите на добра производствена пракса, со што директно се поддржаа финансиските резултати и долгорочната одржливост на компанијата. Главниот оперативен фокус во 2025 година беше унапредување и интеграција на системите, со цел создавање предвидлива, технолошки напредна и инспекциски потврдена оперативна платформа.

Регулаторна усогласеност и меѓународна GMP платформа

ЕУ GMP – петта последователна потврда на зрелост



Во 2025 година, Реплек по петти пат успешно ја потврди својата усогласеност со највисоките европски стандарди за квалитет, безбедност и добра производствена пракса, со добивање на нов EU GMP сертификат, издаден по инспекција спроведена од Јавната агенција за лекови и медицински помагала на Република Словенија (JAZMP), како надлежен регулаторен орган во рамки на официјалниот Европски GMP инспекциски систем.

Инспекцијата потврди целосна усогласеност со применливите GMP барања, без утврдени несообразности, со комплетна соодветност. Новиот сертификат опфаќа проширување на регулаторниот опсег со три нови фармацевтски форми – супозитории, вагитории и гранулати за орална употреба (сакети). Во рамки на европската регулаторна архитектура,

EU GMP сертификатите на Реплек се јавно објавени и трајно достапни во базата EudraGMDP, управувана од European Medicines Agency (EMA), со што се обезбедува целосна транспарентност, проверливост и унифицирано европско признавање на инспекцискиот статус на компанијата.

Во своите завршни забелешки, инспекторите констатираа дека Реплек демонстрира високо ниво на зрелост во примената на принципите на добра производствена пракса, со високо стандардизирани оперативни процеси, јасно дефинирани одговорности и робусен систем за управување со квалитет кој обезбедува конзистентност, следливост и контрола во сите фази на работењето.

Ваквиот инспекциски исход претставува објективна потврда дека оперативниот модел на Реплек е стабилен, предвидлив и одржлив, и дека компанијата располага со организациска и техничка подготвеност за долгорочно работење во рамки на најстрогите европски регулаторни барања.

EAEU GMP – комплетиран Евроазиски инспекциски циклус



Во текот на 2025 година, Реплек успешно го заокружи целокупниот EAEU GMP инспекциски циклус. Во периодот од 7 до 11 април 2025 година, беа спроведени две EAEU GMP инспекции од страна на Министерството за индустрија и трговија на Руската Федерација.


Инспекциите потврдија комплетна соодветност со EAEU GMP барањата, со целосна соодветност, и ја потврдија зрелоста и функционалноста на системите за управување со квалитет и производствените процеси. Со овие инспекции, беше комплетиран регулаторниот авторизациски циклус на Реплек за пазарите на Евроазиската економска унија.

Либиска GMP авторизација



Во периодот од 28 до 30 април 2025 година, Реплек по втор пат успешно ја потврди усогласеноста со принципите на добра производствена пракса за пазарот на Либија, по инспекција спроведена од Министерството за здравство на Либија, со целосна соодветност и ја зацврсти позицијата на Реплек на пазар со изразен потенцијал за раст. Изминатата година покрај позитивната инспекција, успешно се реализирани повеќекратни извозни активности за пазарот во Либија.

Производствена ефикасност и квалитетни перформанси



Во 2025 година беше воспоставен и консолидиран стандарден и предвидлив модел на производство и квалитет:


НАД **90%** **над 90% од производствениот обем реализиран во големи серии,**

НАД **67%** **од високофреквентните производи произведувани во валидирани кампањи,**

ПОСТИГНАТО **>99,9%** **Right-First-Time изведба.**

Овие резултати директно придонесоа за оптимизација на трошоците и стабилност на испораките.

Инженеринг, примарно и секундарно пакување и серијализација



Во редовна GMP употреба беше пуштена петтата линија за блистирање, картонирање и серијализација, како и втората вертикална картонета, целосно квалификувани и интегрирани во постојниот систем за пакување.

Како директен ефект беа постигнати:

- **+ 25%** **капацитет за блистирање**
- **+ 100%** **хоризонтално и вертикално картонирање**
- **+ 100%** **капацитет за серијализација**

Сите активности беа реализирани навремено, високо координирано и без прекин на GMP операциите.

Регулаторни проекти и проширување на пазарното присуство

Регистрација на Реконазол шампон на пазарот на Велика Британија



Во 2025 година, Реплек успешно ја заврши првата регистрација на Реконазол шампон (Ketokonazole 2%) на пазарот на Велика Британија, согласно националната регулаторна рамка на Medicines and Healthcare products Regulatory Agency (MHRA).


Проектот беше реализиран преку тесна соработка на тимовите за технолошки развој, аналитички развој, контрола на квалитет, обезбедување на квалитет и регулаторни активности, во координација со стратешки партнер од Велика Британија. Успешната регистрација ја потврди способноста на Реплек да развива, регистрира и пласира сопствени производи на високо регулирани пазари во и надвор од Европската Унија.

Прв извоз на производ од медицински канабис во Европската Унија



Во 2025 година, Реплек успешно го реализираше првиот извоз на производ од медицински канабис на пазарите на Европската Унија, потврдувајќи ја зрелоста на системите и способноста за оперативна изведба на канабис сегментот во високо регулирани средини.

Стратешки капитални инвестиции иницирани во 2025 со реализација во 2026



Клучни капитални проекти кои отпочнаа во 2025 година а ќе бидат во фокус за реализација во 2026 година:

- Комплетно нов технолошки напреден производен погон за течни и полуцврсти форми
  - 6-кратно зголемување на капацитетите за течни форми (сирупи и орални суспензии)
  - 20-кратно зголемување на капацитетите за полуцврсти форми (креми, масти, гелови)
- Нова опрема за гранулирани дозажни форми во сакети
- Нова линија за супозитории и вагитории

Сите проекти се водат според принципот „GMP by design“, се изведуваат од реномирани европски производители со докажан квалитет и напредно искуство во фармацевтската индустрија. Истите носат инвестициски блок од над пет милиони евра, и ќе бидат ставени во редовна функционална употреба во 2026 година.

Оперативна оптимизација и дигитална подготвеност



Во октомври 2025 година успешно беше завршена целосната имплементација на SAP ERP системот во сите оперативни процеси: планирање на ресурси, набавка, производство, контрола на квалитет, обезбедување на квалитет, магацинско работење и продажба. Имплементацијата беше изведена без нарушување на континуитетот на GMP операциите и обезбеди единствен, интегриран и транспарентен систем за управување со ресурсите и процесите.

ЗАКЛУЧОК

Од оперативен аспект, 2025 година ја потврди способноста на Реплек да управува со висока комплексност, значајни инвестиции и регулаторни проширувања, при целосно задржување на високите GMP стандарди. Компанијата ја заврши годината со инспекциски потврдена, технолошки напредна и стабилна оперативна платформа, која обезбедува сигурна основа за раст и развој во 2026 година и понатаму.

ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

05



Преглед на финансиските перформанси

Во текот на 2025 година, Реплек АД оствари стабилни и квалитетни финансиски резултати, при што умерениот раст на приходите беше придружен со значително подобрување на профитабилноста и оперативната ефикасност. Остварените резултати ја одразуваат стратегијата на Друштвото за селективен раст, фокус на профитабилни сегменти од портфолиото и дисциплинирано управување со трошоците, во услови на зголемена пазарна комплексност и активен инвестициски циклус.

’000 МКД	2025	2024	Промена %
Приходи од продажба	2.079.290	1.948.035	7%
Оперативни приходи	2.136.246	2.004.170	7%
Оперативни расходи	(1.773.454)	(1.727.221)	3%
EBITDA*	492.219	397.314	24%
EBITDA %*	**23,7%**	**20,4%**	**+3,3 п.п.**
Амортизација	(129.427)	(120.365)	8%
Оперативна добивка (EBIT)	362.792	276.949	31%
Нето добивка	305.113	224.195	36%
Нето маржа	**14,7%**	**11,5%**	**+3,2 п.п.**

* EBITDA е алтернативен показател на перформанси и се пресметува како оперативна добивка зголемена за амортизација.

Оперативните приходи во 2025 година изнесуваат 2.136.246 илјади МКД, што претставува раст од 7% во однос на 2024 година, при што и приходите од продажба се зголемени за 7%. Растот е остварен во услови на внимателно управување со пазарното присуство, диверзифицирано портфолио и континуирано зајакнување на меѓународните и регионалните активности.

Оперативните расходи во 2025 година се зголемени за 3%, што е значително под стапката на раст на приходите. Ова укажува на подобрена трошочна дисциплина и зголемена оперативна ефикасност, особено во услови на проширување на активностите, инвестиции во нови капацитети и зголемен обем на работење.

Оперативни расходи ('000 МКД)	2025	2024	Промена %
Директни материјални трошоци	989.585	974.571	2%
Трошоци за вработените	486.665	508.438	-4%
Останати оперативни трошоци	167.777	123.847	35%
Амортизација	129.427	120.365	8%
Вкупно оперативни расходи	1.773.454	1.727.221	3%

Како резултат на ваквата динамика, оперативната добивка (EBIT) достигнува 362.792 илјади МКД, со раст од 31% во однос на претходната година. Добивката од редовно работење е зголемена за 33%, додека нето добивката по одаочување изнесува 305.113 илјади МКД, што претставува раст од 36%.

Нето профитната маржа изнесува 14,7%, во споредба со 11,5% во 2024 година. Ова значително подобрување на маржите укажува на структурни подобрувања во работењето, подобар микс на производи и фокус на сегменти со повисока додадена вредност, а не на краткорочни или еднократни ефекти.

EBITDA како менаџерски показател

Иако EBITDA не е формално прикажана како посебна позиција во ревидираните финансиски извештаи, Друштвото ја користи EBITDA како алтернативен показател на перформанси, со цел подобро следење на оперативната профитабилност и споредливост со индустриските практики.

Во 2025 година, EBITDA бележи значително подобрување, што дополнително ја потврдува зголемената ефикасност на основното работење и способноста на Групацијата да генерира стабилни оперативни парични текови.

Финансиска состојба и капитална структура

Показател (’000 МКД)	31.12.2025	31.12.2024	Промена %
Вкупни средства	3.819.793	3.308.062	15%
Нематеријални средства	400.625	337.868	19%
Материјални средства	1.660.963	1.488.683	12%
Тековни средства	1.359.510	1.082.815	26%
Сопствен капитал	2.577.764	2.367.887	9%
Вкупни обврски	1.242.029	940.175	32%

На 31 декември 2025 година, вкупните средства на Реплек АД изнесуваат 3.819.793 илјади МКД, што претставува зголемување од 15% во однос на претходната година. Растот на средствата е резултат пред сè на реализираните капитални инвестиции, зголемувањето на материјалните и нематеријалните средства, како и поддршката на тековните продажни активности преку зголемување на тековните средства.

Главнината и резервите изнесуваат 2.577.764 илјади МКД, со раст од 9%, како резултат на остварената добивка и задржувањето на дел од резултатот во Друштвото. Ова обезбедува солидна капитална основа и поддршка на долгорочните стратешки цели.

Вкупните обврски изнесуваат 1.242.029 илјади МКД, при што растот во однос на 2024 година е поврзан со финансирањето на инвестицискиот циклус и признавањето на обврските по основ на имплементирање на ИФРС 16 – право на користење во сметководствените политики.

И покрај зголемувањето на обврските, капиталната структура останува стабилна и управлива, со јасен фокус на одржливост и финансиска флексибилност.

Задолженост, ликвидност и парични текови

Показател	2025	2024
Вкупен долг (’000 МКД)	663.154	421.365
Пари и парични еквиваленти (’000 МКД)	69.981	110.073
Нето долг (’000 МКД)	593.172	311.292
EBITDA (’000 МКД)	492.219	397.314
Нето долг / EBITDA	1,21x	0,78x

Нивото на задолженост во 2025 година е во функција на поддршка на реализираните инвестиции и понатамошниот развој на Друштвото.

Односот нето долг / EBITDA останува во рамки на прифатлив и управлив опсег, што укажува на способноста на Групацијата да ги сервисира своите обврски од оперативните перформанси.


Паричните текови од оперативни активности обезбедуваат стабилна поддршка на тековното работење, како и на инвестициските активности, при што ликвидноста останува соодветна за нормално функционирање и исполнување на обврските. Намалувањето на паричните средства на крајот од годината е поврзано со активното финансирање на инвестициите и растот, а не со нарушување на ликвидноста.

Очекувања за 2026

Финансиските показатели за 2025 година ја потврдуваат способноста на Реплек АД да реализира квалитетен и профитабилен раст, во услови на динамична пазарна средина и активна трансформација на деловниот модел. Подобрената профитабилност, стабилната капитална структура и контролираното ниво на задолженост создаваат цврста основа за продолжување на инвестициискиот циклус, понатамошен раст и создавање долгорочна вредност за акционерите во наредниот период.

ИНВЕСТИЦИИ

06



ИНВЕСТИЦИИ

Во текот на 2025 година, Реплек АД Скопје продолжи со реализација на инвестиционите активности дефинирани во претходниот период, со јасен фокус на унапредување на оперативната ефикасност, модернизација на производствените капацитети, развој на нови производи и зајакнување на пазарното присуство на Друштвото и Групацијата.

Како продолжение на инвестициите започнати во 2024 година, во текот на 2025 година беше целосно имплементиран SAP ERP системот, кој е ставен во редовна оперативна употреба. Со оваа инвестиција беше постигнато повисоко ниво на интеграција на деловните процеси, подобрена контрола и транспарентност, како и поефикасно управување со финансиските, производствените и логистичките активности, особено во услови на зголемена комплексност на работењето.

Во рамки на инвестициите во производствените капацитети, во текот на годината беше пуштена во употреба нова линија за пакување и серијализација, со што се унапреди технолошкото ниво на производството, се зголеми производствениот капацитет и се зајакна усогласеноста со регулаторните барања на пазарите на кои Друштвото настапува. Оваа инвестиција овозможува поголема флексибилност во планирањето и поддршка на растечкото производно портфолио.



Покрај инвестициите во инфраструктура и системи, во текот на 2025 година континуирано се инвестираше во развој и воведување на нови производи, во согласност со стратешките приоритети на Друштвото и регулаторните барања, со цел зајакнување на конкурентската позиција и диверзификација на понудата на домашниот и странските пазари.

Во насока на јакнење на пазарното присуство и поддршка на регионалната експанзија, во 2025 година беа реализирани инвестиции поврзани со отворањето на нови претставништва во Република Србија и Република Босна и Херцеговина, со што Реплек Групацијата сега оперира преку вкупно пет правни лица. Овие активности создаваат основа за поблиска пазарна присутност, поефикасно управување со продажните активности и подобра поддршка на деловните партнери во регионот.

Паралелно со реализираните инвестиции, во текот на 2025 година беше отпочнат стратешки проект за изградба и опремување на производствен погон за течни и полуцврсти фармацевтски форми, како логично продолжение на досегашните вложувања во проширување и модернизација на производствените капацитети. Проектот е во почетна фаза и претставува долгорочна инвестиција насочена кон диверзификација на производството и понатамошен одржлив раст.

Во текот на 2025 година, Друштвото реализираше инвестиции во основни и нематеријални средства во вкупен износ од 5,9 милиони евра, насочени кон дигитализација на деловните процеси, модернизација на производството, развој на нови производи и проширување на пазарното присуство.

Инвестиционите активности беа реализирани со внимателно планирање и дисциплиниран пристап, при што беше водена сметка за одржување на финансиската стабилност и оптимално користење на расположливите ресурси, со цел создавање долгорочна вредност за акционерите.



5,9 милиони евра

Вкупни инвестиции во 2025

Движење на основните средства во 2025 година во илјада денари.

Опис	Земјиште и објекти	Опрема	Нематеријални средства	Вкупно
Состојба на 01.01.2025	691.530	797.154	337.413	1.826.097
Набавки во текот на 2025	43.703	228.272	92.944	364.919
Амортизација	-10.464	-89.231	-29.732	-129.427
Состојба на 31.12.2025	724.768	936.195	400.625	2.061.588

Забелешка: Деталната структура и вредностите на основните средства се прикажани во финансиските извештаи.

ресет
рецепт за добросостојба



Во текот на 2025 година, платформата **РЕ**сет – **РЕ**цепт за добросостојба претставуваше централен столб на активностите насочени кон здравјето, менталната рамнотежа и квалитетот на живот на вработените. Преку низа внимателно осмислени настани и работилници, Реплек ја зајакна пораката дека грижата за себе не е привилегија, туку неопходност.

reset | работилница за добросостојба

Под капата на **РЕ**сет платформата, во април се одржа работилницата „**РЕ**ализирај се: в**РЕ**ме е за себе, в**РЕ**ме е за п**РЕ**глед“, посветена на женското здравје и раната превенција од рак на дојка. Настанот овозможи отворена и интерактивна дискусија, во која учесничките имаа можност да поставуваат прашања, да споделуваат лични искуства и да се информираат за можностите за доброволно пријавување за скрининг мамографија во рамки на националната програма. Пораката беше јасна – грижата за сопственото здравје не смее да се одложува.





reset | работилница за добросостојба

Во мај следуваше уште една **РЕ**сет работилница, на која д-р Александар Митов сподели практични совети за справување со предизвиците на модерното секојдневие и за воспоставување рамнотежа помеѓу професионалниот и личниот живот, со фокус на менталното и физичкото здравје.





Во текот на летото, под мотото „За мое добро“, **РЕ**сет платформата се пресели на отворено. Во август, на брегот на Охридското Езеро, се одржа фитнес сесија со Елена Бубало, при што физичката активност, позитивната енергија и заедничкото дружење создадоа инспиративна атмосфера.

Во октомври беа реализирани **РЕ**сет Vol.6 = **РЕ**сет & **РЕ**talks, како и **РЕ**сет работилниците за добросостојба „Научи да кажеш НЕ без вина“, посветена на поставувањето здрави лични граници, самопочитта и грижата за менталниот мир. Преку искрени разговори, психолошки вежби и размена на искуства, вработените добија практични алатки за подобра лична рамнотежа и секојдневна стабилност.



Признанија

Платформата „**РЕ**сет – **РЕ**цепт за добросостојба“ на Реплек во мај 2025 беше прогласена за најдобра практика во областа на човечките ресурси за 2024 година, што претставува силна потврда за системскиот пристап на компанијата кон унапредување на задоволството, ангажираноста и благосостојбата на вработените. Ова највисоко признание за HR практика беше доделено од страна на Македонската асоцијација за човечки ресурси, преку непосредно гласање на годинешното доделување на награди за најдобри практики во оваа област.






Посветеноста на Реплек кон создавање безбедна и здрава работна средина беше дополнително препознаена и наградена и во областа на безбедноста и здравјето при работа. По повод Светскиот ден за безбедност и здравје при работа, Реплек ја доби првата награда во Категорија 1 за најдобар правен субјект кој активно вложува во безбедни и здрави работни места, за примерот „Превенција и управување со стресот на работно место како дел од системот на безбедност и здравје при работа“. Настанот беше организиран од трите стручни здруженија од областа на безбедноста и здравјето при работа: Здружение за заштита при работа на општина Битола, Здружение за безбедност при работа „28-ми Април“ и Здружение на инженери за заштита „Тутела“.

Луѓето во фокус

Во Реплек веруваме дека развојот на компанијата започнува со развојот на луѓето. Во 2025 година, преку учество на Деновите за кариерен развој на УКИМ, Brainster Job Fair и други саеми за кариера, Реплек им овозможи на студентите и младите таленти директен контакт со фармацевтската индустрија и со можностите за професионален раст во компанијата.







Преку **RE** – Hackathon: 48 Hours to MedRep, студентите од Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет имаа можност да се запознаат со професијата Медицински претставник и да работат на реални задачи поврзани со производи од портфолиото на Реплек. Истовремено, продолжуваме со континуирана поддршка на студенти преку организирани посети и летна пракса на студенти од Универзитетот св. “Кирил и Методиј” - Скопје започна и новата практикантска година со учениците од СОУ „Марија Кири Склодовска“- Скопје, кои стекнуваат практично искуство во реална фармацевтска средина.

Во 2025 година, Реплек ја продолжи својата улога како едукативен партнер на академската заедница, при што експерти од компанијата активно учествуваа како едукатори во специјалистички студиски програми. Во рамки на оваа соработка, Реплек беше вклучен како едукатор на 23 студенти на специјалистички студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во областа на индустриска контрола на лекови, фармацевтска технологија и фармакоинформатика.

Во насока на системска грижа за развојот на вработените, во 2025 година Реплек ја финализираше Програма за развој на лидери наменета за менаџерските тимови и годишната Програма за управување со таленти, како значајна иницијатива насочена кон поддршка на луѓето – двигателите на успехот на компанијата. Преку програмата беа поддржани 10 колеги кои се издвојуваат по своите способности, потенцијал и желба за професионален напредок. Оваа програма е директен одраз на уверувањето дека развојот на Реплек започнува и се гради преку развојот на луѓето, овозможувајќи им менторство, нови знаења и јасна кариерна насока, а истовремено придонесувајќи за зголемена ангажираност, продуктивност и зајакнување на организациската култура заснована на учење и напредок.



Тимскиот дух и чувството на припадност беа дополнително зајакнати преку заеднички активности како тимската **РЕ**авантура - нашиот тим билдинг настан, а значајно, беше и учеството на стотина вработени на Скопскиот маратон, каде Реплек ја покажа својата енергија и заедништво.





РЕ-иновација – идеи што го движат Реплек напред



Иновацијата во Реплек се гради како континуиран процес кој започнува со идеја и се развива преку храброст, иницијатива и заедничка посветеност. Во тој дух, во 2025 година беше започната интерната кампања РЕ-иновација, со цел активно да се вклучат вработените со свои предлози за унапредување на процесите, производите и начинот на работа.

Преку РЕ-иновација, вработените добија простор и поддршка да размислуваат креативно, да предлагаат конкретни решенија и да бидат дел од позитивните промени во компанијата. Кампањата придонесе за зајакнување на чувството на припадност, лична одговорност и сопственост над процесите, а истовремено ја поттикна културата на отвореност, соработка и континуирано унапредување.

2025 година ја заокруживме како година на силни пораки, конкретни активности и видливи резултати. Преку системска грижа за здравјето и добросостојбата, инвестиции во безбедна работна средина, поддршка на развојот на луѓето и поттикнување на иновациите, Реплек уште еднаш ја потврди својата определба да биде одговорна, современа и компанија која е посветена на луѓето.

Со заеднички вредности, посветен тим и јасна визија, продолжуваме да го градиме Реплек како место каде што луѓето се во фокусот, а напредокот се создава заедно.

Во Реплек здравјето и безбедноста се приоритет




РЕПЛЕК АД Скопје и во текот на 2025 година континуирано ја потврдува својата посветеност на највисоките стандарди за безбедност и здравје при работа, преку доследно почитување на законската регулатива и примена на добри практики за заштита на вработените. Системот за БЗР постојано се унапредува преку нови инвестиции во безбедносна опрема, подобрување на инфраструктурата, континуирани обуки на вработените и јакнење на безбедносната култура. Секојдневно се работи на подигнување на свесноста дека безбедноста е на прво место, а грижата за здравјето и безбедноста на вработените останува еден од клучните стратешки приоритети на компанијата.

Во текот на 2025 година, Реплек АД Скопје успешно реализираше активности за детекција и откривање на near miss инциденти. Вработените активно работеа преку работилници за анализа на реални случаи со цел да ги препознаат и документираат потенцијално опасните ситуации пред да предизвикаат повреди или штета, што придонесе за дополнително зајакнување на превентивната безбедносна култура.

Изложеноста на објектите и имотот подлежи на редовни и систематски проценки согласно Планот за заштита и спасување. Врз основа на проценка, пропишуваме физички и/или технички мерки за безбедност, заедно со други безбедносни активности и насоки, за да спречиме итни состојби или соодветно да реагираме доколку тие се случат.

Во 2025 година, Реплек АД Скопје успешно го надогради RAP (Replek Administrative Practice) системот, кој достигна финална фаза во ноември 2025. Во рамките на овој систем, се изврши ресертификација за ISO 9001:2015 (систем за квалитет) и ISO 14001:2015 (заштита на животната средина) од страна на меѓународното сертификационо тело SGS. Оценувањето резултира со највисоки оценки без никакви неусогласености, што потврдува одлична усогласеност и зрелост на двата системи.

Подеднакво се грижиме и за животната средина



Заштитата на животната средина претставува една од клучните стратешки определби на Реплек.

Во согласност со важечката регулатива и интерната Политика за животна средина, како дел од нашиот пристап кон одржлив развој, континуирано работиме на намалување и ублажување на влијанијата од нашето работење врз животната средина, со цел навремено и ефикасно справување со еколошките предизвици и потврда на нашата општествена одговорност.

Грижата за животната средина е интегрален дел од корпоративната култура и претставува заедничка одговорност на сите вработени. Во таа насока, Реплек активно промовира рационално користење на природните ресурси, како што се водата и електричната енергија, како и одговорно управување со создадениот отпад, согласно законската регулатива и интерните процедури.

Компанијата го применува принципот „3R“ (Reduce, Reuse, Recycle) – намалување, реупотреба и рециклирање на отпадот кој се генерира во текот на производните и деловните процеси. Со системска селекција и правилно управување со отпадот, се овозможува негово ефикасно рециклирање, се намалува количината на депониран отпад и се минимизира негативното влијание врз животната средина.

Во 2025 година, во Реплек Фарм беа селектирани вкупно 61 тон неопасен отпад, распределен по категории: хартија, пластика, метал, стакло и електронски отпад, со што компанијата дополнително го потврдува својот придонес кон одржливо и одговорно работење.

Во 2025 година со успешни еколошки акции ги одбележавме:

22 Април, Денот на планетата Земја

Се одржа волонтерска акција за чистење на околината на Реплек, во која учествуваа голем број вработени.





05 Јуни, Светски ден на заштита на животната средина, каде што колегите земаа масовно учество со подарување на цвеќиња.

Во месец Август, во соработка со Институтот за хемија - ПМФ при УКИМ, потпишан е договор за донирање на реагенси за потребите на нивните лаборатории.

БЛАГОДАРНОСТ И ПРИЗНАНИЕ




Годината 2025 беше исклучително предизвикувачка за Реплек АД, со бројни инспекции од страна на регулаторните тела и комплексни оперативни задачи. Со голема гордост и благодарност, сакаме да го истакнеме трудот, посветеноста и професионализмот на целиот наш тим, кои беа клучни за успешно справување со предизвиците и остварување на нашите стратешки цели.

Во текот на оваа година реализиравме два значајни проекти кои ја зацврстија нашата конкурентност и оперативна ефикасност: нова линија за пакување и серијализација, која ја подобри квалитетот и следливоста на производите, и имплементација на SAP системот, кој овозможува поефикасно управување со ресурсите и процесите. Покрај тоа, започнат е и нов проект – изградба на нов погон, кој ќе го зголеми нашиот производствен капацитет и ќе овозможи понатамошен развој. Овие достигнувања ја потврдуваат способноста на нашиот тим да се адаптира, да иновира и да остварува резултати и во најсложени услови.

Исто така, упатуваме искрена благодарност до нашите акционери, партнери, клиенти и соработници за нивната доверба, поддршка и конструктивна соработка. Вашата верба во нашата визија нè инспирира да продолжиме да се стремиме кон извонредност, континуирано унапредување и иновации.

Со заеднички сили, продолжуваме да ја градиме иднината на Реплек АД со уште поголема енергија, амбиција и посветеност, уверени дека и во следната година ќе создаваме вредност и ќе достигнуваме нови височини.



Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-968/1
25.02 2026 год.
СКОПЈЕ

Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членови на Управниот одбор на Друштвото Реплек АД Скопје, изјавуваме дека во своето работење РЕПЛЕК АД Скопје го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонската берза АД Скопје, објавен на интернет страната www.mse.mk .

Друштвото Реплек АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување, предвидени во Кодексот според принципот „Примени или појасни зошто не си применил", преку пополнување на прашалници чија форма и соджина е пропишана со Кодексот.

Со ова потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ – НЕТ и на интернет страницата на Друштвото Реплек АД Скопје и дека одговорите на истите се точни, вистинити и веродостојно ја отскикуваат промената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на Друштвото Реплек АД Скопје, пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Скопје, 25.2.2026,

Изјавил,

РЕПЛЕК АД Скопје
Управен одбор

Претседател,
Душан Пецовски

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје


80
години
replek
За мое добро.

ЕМБС: 04069927
Целосно име: Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Консолидирана годишна сметка
Тип на документ: Консолидирана годишна сметка
Година : 2025

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози
Финансиски извештаи

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
1	- - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	2.460.283.238,00			2.225.247.111,00
2	- - I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)	400.624.680,00			337.868.160,00
4	- - Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	373.015.834,00			296.086.349,00
7	- - Нематеријални средства во подготовка	13.123.598,00			19.114.697,00
8	- - Останати нематеријални средства	14.485.248,00			22.667.114,00
9	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	1.660.963.037,00			1.488.683.371,00
10	- - Недвижности (011+012)	718.332.895,00			691.528.450,00
12	- - Градежни објекти	718.332.895,00			691.528.450,00
13	- - Постројки и опрема	742.854.574,00			654.265.025,00
14	- - Транспортни средства	17.053.655,00			9.849.183,00
15	- - Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	50.853.882,00			54.932.070,00
17	- - Аванси за набавка на материјални средства	121.294.673,00			54.609.644,00
18	- - Материјални средства во подготовка	10.573.358,00			23.498.999,00
20	- - III. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ	398.695.521,00			398.695.580,00
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	1.343.086.416,00			1.058.253.847,00
37	- - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	610.071.555,00			478.350.473,00
38	- - Залихи на суровини и материјали	323.729.807,00			262.345.314,00
39	- - Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	18.600.919,00			18.945.050,00
40	- - Залихи на недовршени производи и полупроизводи	51.819.409,00			38.516.068,00
41	- - Залихи на готови производи	47.653.173,00			85.480.439,00
42	- - Залихи на трговски стоки	168.268.247,00			73.063.602,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	663.033.439,00			469.830.602,00
47	- - Побарувања од купувачи	564.333.627,00			400.257.508,00
48	- - Побарувања за дадени аванси на добавувачи	28.368.815,00			31.208.140,00
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	70.326.182,00			38.316.346,00
50	- - Побарувања од вработените	4.815,00			48.608,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	69.981.422,00			110.072.772,00
60	- - Парични средства	69.981.422,00			110.072.772,00
62	- - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	16.423.520,00			24.561.180,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	3.819.793.174,00			3.308.062.138,00
64	- - В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА	69.731.065,00			69.547.756,00
65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	2.577.764.214,00			2.367.887.299,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	886.020.801,00			886.020.801,00
68	- - III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)	172.496.663,00			172.496.663,00
70	- - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА	485.258.930,00			485.258.930,00
71	- - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	457.880.114,00			380.879.017,00

72	- - Законски резерви	164.534.733,00			164.104.551,00
74	- - Останати резерви	293.345.381,00			216.774.466,00
75	- - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	616.088.122,00			564.030.354,00
76	- - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)	99.777,00			
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	305.112.687,00			224.194.860,00
79	- - XI. ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО	2.577.764.214,00			2.367.887.299,00
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	1.119.268.905,00			851.680.593,00
85	- - II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093)	349.067.905,00			183.669.323,00
90	- - Обврски по заеми и кредити	343.912.408,00			183.669.323,00
93	- - Останати долгорочни обврски	5.155.497,00			
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	770.201.000,00			668.011.270,00
97	- - Обврски спрема добавувачи	350.785.378,00			307.324.942,00
98	- - Обврски за аванси, депозити и кауции	79.039.058,00			98.741.039,00
99	- - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати	1.271.502,00			23.570,00
100	- - Обврски кон вработените	51.565,00			1.600,00
101	- - Тековни даночни обврски	17.809.757,00			21.432.688,00
104	- - Обврски по заеми и кредити	314.085.868,00			237.696.157,00
106	- - Обврски по основ на учество во резултатот	4.624.691,00			2.663.691,00
108	- - Останати краткорочни обврски	2.533.181,00			127.583,00
109	- - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	122.760.055,00			88.494.246,00
111	- - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	3.819.793.174,00			3.308.062.138,00
112	- - В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА	69.731.065,00			69.547.756,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	2.136.246.022,00			2.004.169.757,00
202	- - Приходи од продажба	2.079.289.923,00			1.948.034.509,00
203	- - Останати приходи	53.252.051,00			52.391.668,00
204	- - Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината	140.861.683,00			132.930.542,00
205	- - Залихи на готови производи и недовршено производство на крајот на годината	103.029.112,00			147.093.851,00
206	- - Капитализирано сопствено производство и услуги	3.704.048,00			3.743.580,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	1.735.496.694,00			1.741.383.988,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	643.877.056,00			685.501.379,00
209	- - Набавна вредност на продадените стоки	203.989.281,00			231.255.383,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	103.885.998,00			71.977.249,00
212	- - Останати трошоци од работењето	119.301.445,00			92.263.739,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	486.664.771,00			508.437.825,00
214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	295.875.519,00			300.774.251,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	18.372.846,00			28.066.628,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	127.313.550,00			127.259.092,00
217	- - Останати трошоци за вработените	45.102.856,00			52.337.854,00
218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	129.427.389,00			112.059.935,00
219	- - Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства				8.305.305,00
220	- - Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства	12.711.481,00			9.834.784,00
222	- - Останати расходи од работењето	35.639.273,00			21.748.389,00
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)	9.285.378,00			2.815.817,00
230	- - Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	55.498,00			
231	- - Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	9.229.880,00			2.815.817,00
234	- - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)	29.801.411,00			22.023.869,00

239	- - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	19.060.598,00			15.590.447,00
240	- - Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	10.560.629,00			6.433.422,00
243	- - Останати финансиски расходи	180.184,00			
246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	342.400.724,00			257.741.026,00
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	342.400.724,00			257.741.026,00
252	- - Данок на добивка	37.288.037,00			33.546.166,00
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	305.112.687,00			224.194.860,00
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	421,00			433,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
259	- - ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД	305.112.687,00			224.194.860,00
260	- - Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	305.112.687,00			224.194.860,00
264	- - ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА	1.282,00			942,00
269	- - Добивка за годината	305.112.687,00			224.194.860,00
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	305.112.687,00			224.194.860,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
612	- - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС)	717.785.786,00			691.528.450,00
615	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 013 од БС)	21.095.121,00			15.210.368,00
626	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси дадени на нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+ АОП 046+ АОП 047+АОП 048 ОД БС)	213.303.871,00			225.331.149,00
627	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси дадени на органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (<или=АОП 030+АОП 046+АОП 047+АОП 048 ОД БС)	7.678.167,00			
628	- - Останати побарувања од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата (< или=АОП 034+ АОП 046+ АОП 047+АОП 051+ АОП 062 ОД БС)	9.568.728,00			8.657.868,00
629	- - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП 034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС)	70.326.181,00			38.316.346,00
630	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси и останати побарувања од сите субјекти во земјата и странство (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 034+АОП 035+ АОП 046+ АОП 047+АОП 049+ АОП 050+АОП 051+АОП 057+АОП 062 ОД БС)	695.187.997,00			477.711.141,00
635	- - Обврски по основ на набавка на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) примени од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата(< или =АОП 096+АОП 097+ АОП 098+АОП 108 ОД БС)	121.303.146,00			201.628.250,00
638	- - Останати обврски кон органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 099+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)	19.081.259,00			21.459.638,00
639	- - Обврски по основ на трговски кредити, аванси и останати обврски кон сите субјекти во земјата и странство (вкупно) (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 096+ АОП 097+ АОП 098+	579.405.993,00			500.920.856,00

	АОП 099+ АОП 100+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)				
640	- - Приходи од продажба на стоки и услуги (АОП 641+ АОП 642) (< или = АОП 202 од БУ)	2.079.289.923,00			1.948.034.509,00
641	- - Приходи од продажба на стоки (< или = АОП 202 од БУ)	2.079.289.923,00			1.948.034.509,00
643	- - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар (< или = АОП 202 од БУ)	512.203.989,00			492.081.084,00
644	- - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на странски пазар (< или = АОП 202 од БУ)	1.543.610.339,00			1.427.640.170,00
645	- - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во држави членки на ЕУ (< или = АОП 202 од БУ)	96.258.104,00			51.490.958,00
647	- - Приходи од наемнина (< или = АОП 202 од БУ)	23.229.661,00			27.968.019,00
650	- - Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства (< или = АОП 203 од БУ)				253.228,00
654	- - Приходи од вишоци (< или = АОП 203 од БУ)	8.477.220,00			2.333.460,00
655	- - Наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски (< или = АОП 203 од БУ)	180.064,00			4.949.440,00
657	- - Приходи од премии, субвенции, дотации и донации (< или = АОП 203 од БУ)	2.795.400,00			2.741.824,00
661	- - Останати приходи од работењето (< или = АОП 203 од БУ)	41.799.366,00			42.113.761,00
667	- - Расходи на продадени производи и услуги	1.112.407.731,00			1.192.648.035,00
668	- - Трошоци за суровини и материјали (< или = АОП 208 од БУ)	366.842.211,00			636.984.971,00
671	- - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ)	176.128,00			891.301,00
672	- - Трошоци за амбалажа (< или = АОП 208 од БУ)	220.387.685,00			
673	- - Униформи-заштитна облека и обувки (< или = АОП 208 од БУ)	4.692.235,00			4.458.936,00
674	- - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ)	886.735,00			915.357,00
676	- - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	24.105.934,00			21.097.528,00
677	- - Потрошени енергетски горива (< или = АОП 208 од БУ)	7.613.007,00			11.816.826,00
678	- - Потрошени резервни делови и материјали за одржување (< или = АОП 208 од БУ)	5.096.736,00			14.601.423,00
679	- - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ)	588.996,00			577.131,00
680	- - Транспортни услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	827.486,00			401.242,00
681	- - Транспортни услуги во странство (< или = АОП 211 од БУ)	13.514.857,00			9.107.012,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	2.283.156,00			1.436.850,00
683	- - ПТТ услуги во странство (< или = АОП 211 од БУ)	1.076.422,00			888.086,00
687	- - Наемнини за опрема (< или = АОП 211 од БУ)	5.290.666,00			2.385.739,00
691	- - Вкалкулирани надомести за време на боледување				1.238.625,00
692	- - Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија (< или = АОП 217 од БУ)	257.794,00			881.926,00
693	- - Еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно работно ангажирање под услови утврдени со закон (< или = АОП 217 од БУ)	3.266.354,00			1.433.799,00
695	- - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ)	13.387.129,00			13.646.063,00
696	- - Помошти (< или = АОП 217 од БУ)	262.640,00			396.666,00
698	- - Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ)	6.728.749,00			5.780.624,00
699	- - Дневници за службени патувања (< или = АОП 217 од БУ)	1.873.058,00			1.711.185,00
704	- - Трошоци за организирана исхрана во текот на работа (< или = АОП 217 од БУ)	19.479.599,00			11.503.226,00
706	- - Надомести на ангажирана работна сила преку агенциите за привремени вработувања (< или = АОП 217 од БУ)	672.520,00			
707	- - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	6.088.020,00			5.331.656,00
708	- - Трошоци за спонзорства (< или = АОП 212 од БУ)	5.519.655,00			2.164.978,00
709	- - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ)	23.779.168,00			23.136.553,00
710	- - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ)	385.792,00			9.830.783,00

711	- - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	2.751.842,00			3.714.602,00
712	- - Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	3.389.171,00			1.416.547,00
714	- - Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ)	299.396,00			179.960,00
715	- - Надоместоци за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ)	2.755.179,00			5.519.462,00
716	- - Надоместоци на име авторски хонорари (< или = АОП 217 од БУ)	16.487.335,00			993.063,00
717	- - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	37.970.336,00			33.067.852,00
718	- - Казни, пенали надоместоци за штети и друго (< или = АОП 222 од БУ)				109.325,00
721	- - Исплатени дивиденди	87.473.360,00			66.220.800,00
722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	421,00			433,00
723	- - Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот	421,00			361,00
724	- - Број на подружници во кои се врши дејност, без седиштето на субјектот	1,00			

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
4145	- 21.200 - Производство на фармацевтски препарати	79.574.530,00			
4342	- 46.180 - Посредување во трговијата на големо со останати посебни производи	101.699,00			
4362	- 46.460 - Трговија на големо со фармацевтски и медицински производи	2.042.406.243,00			
4384	- 47.120 - Друга неспецијализирана трговија на мало	20.858.935,00			
4505	- 68.200 - Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг)	2.589.993,00			

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.